# АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА-ФОН

КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

# И З В Е Ш Т А Ј

## за самоевалуација на
## АМЕРИКАНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА- ФОН

за академската 2020/2021 година

**Скопје, 2022**

# <u>С О Д Р Ж И Н А</u>

**01. ВОВЕД**

**02. МИСИЈА И СТРАТЕГИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ**

**03. ОПИС НА УНИВЕРЗИТЕТОТ**

**04. СТУДИСКИ И ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ**

**05. НАСТАВНО-НАУЧЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР**

**06. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

**07. СТУДЕНТИ**

**08. ЛОГИСТИКА**

**09. ПРОСТОРНИ И МАТЕРИЈАЛНИ РЕСУРСИ**

**10. НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА**

**11. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ**

**12. ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

**13. ФИНАНСИРАЊЕ**

**14. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВНИОТ КАДАР**

**15. ПРЕПОРАКИ И КОРЕКТИВНИ МЕРКИ**

**ПРИЛОЗИ**

# 01. ВОВЕД

## 01. 01. Правна основа за процесот на самоевалуација

Процесот на самоевалуација на Американскиот универзитет на Европа- ФОН го реализираат Комисијата за самоевалуација на ниво на Универзитетот, која ја формира Сенатот на Универзитетот и комисиите за самоевалуација на ниво на секој факултет во рамки на Универзитетот поедонечно, кои се формираат од страна на наставно-научните совети на факултетите. Универзитетскиот сенат, на седницата одржана на 21.4.2022 година ја донесе одлуката за формирање на Комисијата за самоевалуација на ниво на Американскиот универзитет на Европа- ФОН во следниот состав:

1. Проф. д-р Елена Тодорова- претседател;
2. Проф. д-р Татијана Ашталкоска Балоска- член;
3. Проф. д-р Ирена Ашталкоска- член;
4. Проф. д-р Весна Јованова Симева- член;
5. Проф. д-р Леонид Циневски- член;
6. Доц. д-р Самир Салиески- член;
7. Проф. м-р Стефан Јакимовски- член;
8. Лектор м-р Зоран Механџиски- член;
9. Доц. м-р Едона Садику- член.

Комисијата за самоевалуација на ниво на Универзитетот во овој состав го заврши процесот на самоевалуација за академската 2020/2021 година, кој беше започнат од претходната комисија. Претседателот на универзитетската комисија за самоевалуација е одговорен за спроведување на целокупниот процес, односно давање на упатсва за работа на комисиите за самоевалуација на ниво на секој факултет во рамки на Американскиот универзитет на Европа- ФОН и координирање на нивните активности, заради подготовка на поединечните извештаи за самоевалуација (на ниво на секој факултет), како и спроведување и обработување на податоците од анкетите кои се составен дел на поединечните извештаи за самоевалуација кои ги подготвува секој факултет. Одговорни наставници, кои се претседатели на факултетските комисии за спроведување на процесот на самоевалуација се:

1. Факултет за спортски менаџмент: проф. д-р Весна Јованова Симева,
2. Факултетот за странски јазици: лектор м-р Зоран Механџиски,
3. Факултетот за правни и политички науки- проф. д-р Татијана Ашталкоска Балоска,

4. Факултет за детективи и безбедност- доц. д-р Самир Салиевски,
5. Факултет за информатика- доц. д-р Леонид Џиневски,
6. Архитектонски факултет- доц. м-р Едона Садику,
7. Факултет за дизајн и мултимедија: проф. м-р Стефан Јакимовски и
8. Факултет за економски науки: проф. д-р Ирена Ашталкоска.

Составен дел на овој Извештај претставуваат и поединечните факултетски извештаи, во кои се дадени деталните анализи и статистички податоци.

## 01. 02. Цели на самоевалуацијата

Самоевалуацијата на Универзитетот ги имаше следните цели:

- да презентира исцрпни и релевантни квантитативни и квалитативни податоци за работата на единиците на Универзитетот, а посебно на целокупната наставно-образовна, научна и издавачка дејност на сите постоечки факултети на Универзитетот;

- да презентира целокупни податоци за просториите со кои располага Универзитетот со квантитативни податоци за целокупната опрема во нив, со посебен осврт на опремата од наставно-научен карактер;

- да изврши и презентира квантитативна и квалитативна анализа за целокупната дејност на Универзитетот;

- да ги анализира добрите страни во функционирањето на Универзитетот, но исто така и неповолните состојби, заканите и ризиците кои би се појавиле со цел нивно надминување преку изработка на SWOT анализи, и да предложи мерки, инструменти и рокови за надминување на неповолните состојби;

- да изготви и да достави краток и прегледен извештај за својата работа и за своите констатации.

## 01. 03. Начин на работа на Комисијата за самоевалуација

Комисијата за самоевалуација ја вршеше својата работа според одредбите на Законот за високо образование и Статутот на Универзитетот.

Согласно член 55 од Законот за високо образование усвоен во 2018 година (Службен весник на Република Македонија, бр. 82/2018), самоевалуација на универзитетот и на единиците на универзитетот ја врши комисија за самоевалуција на универзитетот, односно на единицата на универзитетот, на начин и според услови определени со статут на универзитетот. Законот во понатамошните одредби го одредува начинот на избор на членовите на комисиите за самоевалуација и нивниот мандат, како и времето за кое е предвидено спроведување на овој процес. Имено, согласно членот 55, став 4, самоевалуацијата се спроведува на интервали од најмногу 3 години.

Член 132 од Статутот[1] (пречистен текст) на Американскиот универзитет на Европа-ФОН од декември 2021 година, предвидува дека за процена на квалитетот, академскиот кадар и студиските програми се спроведува систем на самоевалуација, во чии рамки комисијата за самоевалуација на Универзитетот изготвува евалуационен извештај, со оценка на состојбата и со предлози за надминување на констатираните негативни појави во остварувањето на наставно-научниот процес кој го одставува до Универзитетскиот сенат и до ректорот (член 136) и кој се објавува на web страната на Универзитетот.

Самоевалуацијата по факултети ја координира Централната комисија (формирана на ниво на ФОН Универзитет) и тоа на две нивоа. Прво, преку спроведување на анкета на студентите на крајот на секој семестар, и сумирање на резултатите од двете спроведени анкети на годишно ниво, и второ, преку изготвување на тригодишен извештај за самоевалуација на ниво на секој факултет и на ниво на ФОН Универзитет во целина. Целта на спроведената анкета (која е анонимна и која се спроведува за секој предмет кој студентот го слушал во летниот и зимскиот семестар одделно) е да се добијат податоци кои понатаму ќе се употребат за унапредување на квалитетот на наставно-образовниот процес.

### 01. 04. Позитивни и негативнни елементи и тешкотии во работата на Комисијата

а) **Позитивни елементи:**

- Подготвеност на Управниот Одбор на Универзитетот, на ректорската управа како и лично на ректорот, целосно да се поддржи овој процес;

[1] Статут (пречистен текст) на Американскиот универзитет на Европа- ФОН, Универзитетски билтен бр. 243, fon.edu.mk

- подготвеност на сите членови на комисиите за самоевалуација формирани на ниво на факултетите целосно да се ангажираат во работата на соодветната комисија;

- подготвеност на анкетираните студенти отворено да го искажат своето мислење за квалитетот на наставниот кадар и за квалитетот на наставата што тие ја изведуваат, како и отворено да го искажат своето мислење за квалитетот на менаџирањето на Универзитетот, за функционирањето на стручните служби и да дадат целосни одговори на сите прашања кои се содржани во анонимните анкетни прашалници.

б) **Негативни елементи**:

- непотоплно и ненавремено исполнување на превземените обврски на некои членови на комисиите, како и на дел од наставниот кадар во однос на пополнување на прашалникот за академските перформанси на наставниот и соработничкиот кадар;

-непостоење на механизми од страна на службите на Универзитетот да се обезбедат основни квантитативни податоци кои се неопходни во процесот на самоевалуација за потребите на Комисите за самоевалуација при факултетите, а според тоа и за Комисијата за самоевалуација на ниво на Универзитетот, како што се квантитативните податоци во врска со успехот на студентите и сл.

## 02. МИСИЈА И СТРАТЕГИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

### 02. 01. МИСИЈА И ЦЕЛИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Мисијата на Универзитетот произлезе од анализата на околностите во коишто тој се појави во почетокот на овој век:

- Република Македонија беше земја со најнизок процент на високообразовано население од вкупнниот број жители (во 2000 год.);

- недоволно развиена мрежа на високообразовни институции со неповолни состојби во тие институции во поглед на недостиг на наставен и соработнички кадар;

- во најголемиот број од нив недовелен простор за нормално функционирање;

- недоволна современа опрема за изведување настава и несоодветни просторни услови;

- низа незастапени наставно-научни дисциплини и слично.

- релативно голем број завршени ученици од средното образование немаа можност да се запишат низ фиксните уписни квоти на високо-образовните установи во Републиката и беа принудувани да се запишуваат во странство или да не го продолжуваат образованието.

Во такви околности, имајќи предвид дека високото образование е основната погонска сила која го овозможува сестраниот развој на секое општество, беше основана првата приватна високообразовна институција од јавен карактер, односно, Факултетот за општествени науки кој, набрзо потоа, прерасна во прв приватен Европски универзитет Република Македонија од чие згаснување директно произлезе Првиот приватен универзитет – ФОН, со цел да го даде својот придонес во квалитетно формирање на високообразовани кадри во Република Македонија од редот на најпотребните профили за стопанството, услугите и органите на државната власт на Репулбиката, а со тоа директно да придонесе во зголемувањето на бројот, односно процентот на високообразовани кадри кои би биле своевиден поттик за побрз и сестран развој на македонското општество. Како резултат на значителниот подем во својот развој и големиот интерес за едукација, ФОН-Универзитетот освен во Скопје отвора три диспанзирани одделенија во Струмица, Гостивар и Струга. Денес функционира диспанзираното одделение во Струга. Следејќи ги светските трендови во високото образование, а со цел да се прилагоди на интересот, потребите и барањата на студентите, во 2020 година универзитетот се ребрендира и се преименува во Американски универзитет на Европа-ФОН.

Меѓутоа, денес ситуацијата е сосема различна од времето кога се основаше ФОН Универзитетот. Имено, покрај постоење на неколку државни универзитети постојат и повеќе приватни високо образовни институции. Во новите околности, мисијата на ФОН универзитетот како мултиетнички универзитет е да ги имплементира европските високо образовани стандарди и со целосна посветеност на академскиот кадар кај своите студентите да го зголеми квалитетот на нивното знаење, способности и вештини, неопходни за постигнување на поголема нивна конкуретност, не само на домашниот пазар на трудот, туку и на европскиот, односно светскиот пазар на трудот. Својата дејност АУЕ-ФОН ја заснова на следните вредности:

- Посветеност на успехот на студентите,
- Квалитет преку воспоставување на современи студиски програми кои ги следат потребите и барањата на модерното општество,
- Влијание врз развојот на општеството,
- Креативност која се рефлектира во отвореноста за нови идеи,

- Интегритет со етичко однесување во севкупната интеракција и воспоставување на перформанси што водат до постигнување на академски и кариерни цели,
- Емпатија која се рефлектира во подобрување на човековата состојба и личниот развој на нашата заедница.[2]

## 02.02. Стратегија за остварување на тие цели

Основната и долгорочна стратегија на Американскиот универзитет на Европа- ФОН е стратегијата на прифаќање и развој на европски стандарди за квалитетно високо образование усогласено со потребите на пазарот на трудот, како и континуирано постигнување на одлични резулати во неговото работење што подразбира:

- заокружување на процесот на структурни промени со цел да се изврши прилагодување со новиот Закон за високо образование (ЗВО) кој стапи во сила во 2018 година;

- почитување на сите критериуми и услови (општи и посебни) за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања за сите наставно-научни дисциплини застапени на Универзитетот, во согласност со законски определената постапка за избор во звања;

- изработување и постојано усовршување на студиските и предметните програми на сите факултети застапени наУниверзитетот, во согласност со одредбите на Законот за високо образование и потребите на пазарот на трудот.

- прифаќање на сите одредби на Болоњскиот процес во изработката на студиските и предметните програми, и технологијата на наставнообразовниот процес со континуирано вреднување на резултатите од вложениот труд на студентите и дефинирањето на трите циклуси на студии, како и воведување на концептот на континуирано доживотно образование;

- обезбедување доволно простор за наставно-образовниот процес и сите други активности на Универзитетот со потребната опрема во него;

- обезбедување современа настава, пропратена со практични вежби и студии на случај со индивидуална и групна нивна разработка од страна на студентите според потребите на

[2] https://fon.edu.mk, Вредности на Универзитетот

наставните дисциплини, теренска и практична настава, како и практика на студентите во соодветни претпријатија или институции во земјата и во странство со крајна цел студентите во текот на студиите да ги стекнат сите теоретски и практични излезни компетенции за успешен старт на работните места;

- отвореност за сестрана соработка со останатите Универзитетите во земјата, како и воспоставување на соработка со универзитетите и научните установи од регионот и пошироко;

- отвореност за соработка со институциите и претпријатијата во земјата со гостувања на докажани експерти и јавни личности на Универзитетот, како и давање можност на студентите својата практика да ја спроведуват во институциите и претпријатијата во земјата и странство,

- навремено информирање на студентите за тековното работење на Универзитетот;

- осовременување и подобрување на организацијата на менаџментот, маркетингот како и на стручните служби и слично, како и на целата логистика за поддршка на наставно-образовниот процес на Универзитетот.

## 02. 03. Контролни механизми за реализирање на мисијата

Со нормативните акти на Универзитетот, изработени во согласност со Законот за високо образование од 2018 година се прецизирани надлежностите и одговорностите на органите на универзитетот и тоа: Универзитетскиот сенат, Ректорот, проректорите, Ректорската управа, Управниот одбор на Универзитетот, наставно-научните совети на факултетите и деканите и одговорни субјекти. Всушност, таквата организциска поставеност дава повратни резултати за степенот на реализација на секоја јасно искажана работна обврска, а со тоа и одговорноста на секој конкретен субјект.

Универзитетскиот сенат е стручен орган и орган на управување со наставно-образовниот процес универзитетот. Него го сочинуваат по еден претставник од факултетите во рамки на Универзитетот кои се избираат со тајно гласање од страна на членовите на наставно-научните совети на секој факултет во рамки на Универзитетот за време од три години, со право на уште еден избор и претставници на студентите, кои се бираат од универзитетското студентско собрание за време од една година без право на реизбор. Во работата на Сенатот повремено учествуваат и проректорите. Ректорот и проректорите се членови на Сенатот по положба без право да учествуваат во одлучувањето и без право да

бидат избрани за претседатели на Сенатот. Секретарските работи за потребите на Сенатот ги врши генералниот секретар на Универзитетот или од него овластено лице.

Ректорот раководи со наставно-образовниот процес на Универзитетот. Тој го претставува и застапува Универзитетот во земајта и во странство. Заедно со Ректорската управа, со Сенатот на Универзитетот и деканите на сите Факултети, и раководителите на стручните служби, во соработка со Управниот одбор го координира и контролира целокупното функционирање на Универзитетот сврзано со наставно-образовниот процес и научно-истражувачката дејност, како и перманетно следење на реализацијата на целите кои произлегуваат одмисијата на Американскиот универзитет на Европа- ФОН.

Ректорот е одговорен за законитоста и статутарноста во работата на Универзитетот и на факултетите. Во рамките на оваа одговорност тој ги контролира актите на органите на факултетите и укажува на повредите на Законот и на Статутот на Универзитетоот и енергично се залага тие да се отстранат. Тој според Статутот на Универзитетот, има право и должност да запре од извршување или да укине акт на органите на факултетите, ако смета дека не е во согласност со закон, со Статутот, друг општ акт или одлука на Универзитетот. Истовремено, тој ги насочува и координира и оперативните активности на деканите на факултетите во извршувањето на нивните наставно-научни активности насочени кон реализација на стратегијата за развој на универзитетот.

Ректорската управа на Универзитетот ја сочинуваат ректорот, проректорите, деканите на факултетите и еден претставник на студентите. Во нејзината работа учествуваат директорот и генералниот секретар на Универзитетот, без право на одлучување. Таа го следи изведувањето на наставнообразовниот процес и ги презема потребните административни, кооридинативни и контролни мерки за превенција и одстранување на недостатоците во работењето на одговорните субјекти, како и перманетно реализирање на визијата, мисијата и стратегијата на развој на универзитетот.

Орган на управување со АУЕ-ФОН како приватен универзитет е Управниот одбор. Членови на управниот одбор се основачот кој воедно е претседател на одборот, директорот на универзитетот и ректорот.

Во надлежност на управниот одбор е административното управување со Универзитетот, финансирањето и логистиката на Универзитетот. Тој според Статутот нема права и обврски со кои се ограничува автономијата на Универзитетот или се ограничуваат правата и обврските на органите на Универзитетот утврдени со Законот за високо образование. Управниот одбор има обврска да се грижи за перманетно следење на финансиската состојба на универзитетот и при тоа потребно е да покажува поголема

флексибилност кога се во прашање финансиските издатоци за одредени активности во рамките на наставно-образвониот процес, како што се издавачката дејност и научно-истражувачката работа на универзитетот.[3]

Наставно-научните совети (во натамошниот текст ННС) се стручни органи на факултетите. Нив ги сочинуваат професорите, вишите предавачи и претставници на студентите. Работат на седници кои се одржуваат најмалку еднаш месечно а по потреба и повеќе пати. На седниците се разгледуваат и се одлучува за сите прашања од нивна надлежнст пропишана со одредбите на Закнот за високото образование.

Деканите се раководни органи на факултетите. Тие се одговорни пред Ректорот за целокупното работење на факултетот со кој раководат. Имаат обврска да го организираат, да го насочуваат работењето на факултетот и да го следат степенот и квалитетот на на функционирањето на факултетот. Деканот е должен најмалку еднаш годишно до ННС и до ректорот на универзитетот да поднесе извештај за својата работа. За својата работа одговараат пред ННС на факултетот, пред Ректорот и Ректорската управа.

Директорот на Универзитетот се грижи за извршување на одлуките на Управниот одбор. Тој во основа е одговорен за логистичкото обезбедување, за работата на админситративните служби и за работата на помошниот персонал на Универзитетот, редот и дисциплината на Универзитетот, исполнувањето на финансиксите обврски од страна на студентите, за студентскиот стандард и сл.

Конкретните механизми кои овозможуваат следење и контрола на сите активности на факултетите се краткорочната и долгорочната програма за работа на факултетот, како и годишниот извештај за работата на деканот, односно на факултетот што деканите се должни да го поднесуваат пред ННС на Факултетот секоја учебна година.

Плановите и програмите на факултетите и на Универзитетот во целина се реализираат во потполност и на време.

## 02. 04. Промени кон постигнување на подобар квалитет во наставнообразовниот процес

[3] Надлежности на органите на управување со Универзитетот според редоследот во Законот за високото образование од 2018 година (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018).

Универзитетот постојано се стреми да се изгради како еден од најреномираните Универзитети во земјата. За да се постигне тоа на Универзитетот:

- постојано се усовршуваат студиските и предметните програми, така што од учебната 2017/2018 година отпочна со реализација на новата наставна програма на сите факултети во својот состав, освен Факултетот за правни науки кој продолжи да работи според сеуште важечката (тековна) акредитација;
- направени се и сеуште се прават значајни подобрувања во техничкото опремување на Универзитетот со современа опрема;
- редовно се следи изведувањето на наставата, вежбите, колоквиумите и испитите според навремено изготвени и објавени распореди од страна на Ректорот на Универзитетот, Проректорот за настава и деканите на факултетите;
- изработена е, и веќе разработена, стратегија за примарна соработка со стопанството во земјата;
- постојано се проширува меѓународната соработка на Универзитетот со останатите високообразовни институции од регионот и светот;
- се организираат дебати, научни собири, семинари и слично;
- се зголемува бибилиотечниот фонд во библиотеката;
- постојано се ажурира сајтот на Универзитетот за подобро информирање на студентите за сите активности на Универзитетот;
- изградено е бифе кое им е на располагање на студентите во текот на целото работно време.

## 03. ОПИС НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

### 03. 01. Историјат

Универзитетот ФОН, индиректно произлезе од првата приватна високообразовна институција, односно од Факултетот за општествени науки (акредитиран со Решение бр.12 од 22.04. од 2003 година од Одборот за акредитација, а почна со работа со Решение бр. 12-8244/3 од 29.12. 2003 година на Министерството за образование и наука). Во него функционираа: економска насока, правна насока и дипломатија и меѓународна политика.

Овој факултет по добиената акредитација од Одборот за акредитација со Решение бр. од 03. 06. 2005 година како и со Решение бр. 12 - 3722/1 од 21.04.2006 година од

Министерството за образование и наука, прерасна во Европски универзитет со пет факултети: Факултет за економски науки, Факултет за правни и политички науки, Факултет за обезбедување имоти и лица, Факултет за применети странски јазици и Факултет за информатика,

Со Решение од 30. 03. 2007 година од Одборот за акредитација за бришење на Европскиот универзитет, тој се подели на: Прв приватен универзитет - ФОН и Прв приватен Европски универзитет.

Првиот приватен универзитет ФОН Скопје е запишан во регистерот на високо-образовни установи на Република Македонија под број 10 од 26. 03. 2007 година.

На Универзитетот - ФОН продолжија да функционираат Факултетот за правни науки, Факултетот за политички науки и меѓународни односи кој подоцна е применуван во Факултет за политички науки, дипломатија и новинарство, а потоа во Факултет за политички науки и дипломатија (кој во 2019 година е споен со Факултетот за правни науки и оттогаш функционира како Факултет за правни и политички науки) и Факултетот за применети странски јазици. Според тоа, Универзитетот ФОН е еден од двата директни правни наследници на правата и обврските на дотогаш постоечкиот Европски универзитет.

Подоцна беа акредитирани и Факултетот за детективи и безбедност (2007), Факултетот за економски науки (2007), Факултетот за информатичко-комуникациски технологии (2007), Факултетот за спорт и спортски менаџмент, подоцна преименуван како Факултет за спортски менаџмент (2007), Факултетот за дизајн и мултимедија (2008) и Факултетот за архитектура (2011) кои и денес се дел од Универзитетот ФОН.

Актуелната нормативна рамка на која се одвива образовниот процес се:

- Закон за високото образование (Службен весник на Република Македонија, бр.82/2018);
- Уредба за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност (Службен весник на Република Македонија, бр. 103/10);
- Класификација на научните подрачја, полиња и области според Мегународната фраскатиева класификација;
- Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (Службен весник на Република Македонија, бр. 151/12);

- Правилник за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии (Службен весник на Република Македонија, бр.25/11);
- Упатство за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовите установи и на академскиот кадар во Република Македонија (Службен весник на Република Македонија, бр. 67/13);
- Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации („Службен весник на РМ " бр.154/2010),
- Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи („Службен весник на РМ " бр.84/09)
- Правилник за поблиските критериуми и надлежноста на одборите за соработка и доверба со јавноста („Службен весник на РМ " бр.148/13)
- Правилник за начинот и условите за организирање на практичната настава за студентите („Службен весник на Република Македонија" бр.71/09 и 120/10)
- Правилник за условите кои треба да ги исполнува истакнатиот стручњак од практиката од соодветната област за изведување на клиничка настава („Службен весник на Република Македонија " бр.71/09 и 120/10)
- Закон за признавање на професионалните квалификации („Службен весник на Република Македонија" бр.171/10)
- Правилник за начинот и постапката за водење на базата на податоци за високообразовната дејност („Службен весник на РМ " бр.65/13)
- Закон за научно-истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија " бр.46/08, 103/08, 24/11 и 80/12)
- Статут на вискообразовната установа.

## 03. 02. Број на вработени и наставно-научен кадар

Факултетот за правни и политички науки во академската 2020/2021 својата дејност ја извршува со вкупно 19 вработени во редовен работен однос и 3 визитинг професори (од кои двајца професори со звање емеритус). Од вкупниот број: 9 редовни професори, 4 вонредни професори, 6 доценти и 2 асистенти. Факултетот за економски науки својата дејност ја извршува со вкупно 12 наставници од кои 9 вработени во редовен работен однос

и 3 визитинг наставници. Притоа, наставниот кадар го сочинуваа 4 редовни професори, 4 вонредни професори, 2 доценти, 1 научен соработник и 1 асистент. За паралелката за настава на албански јазик биле ангажирани 2 визитинг професори. На Факултетот за дизајн и мултимедија во учебната 2020/2021 година биле ангажирани 10 членови на наставниот кадар, од кои 2 редовни професори, 3 вонредни професори и 2 доценти, како и 2 визитинг наставници. Факултетот за спортски менаџмент наставно-образовната дејност ја изведува со 5 наставници во редовен работен однос и тоа: 2 редовни и 3 вонредни професори. На Факултетот за странски јазици биле ангажирани 6 членови на наставниот и соработничкиот кадар, од кои 1 вонреден професор, 2 доценти, 2 виши лектори и 1 лектор.[4]

## 03. 03. Број на студенти

Во учебната 2020/2021 година се запишани 455 студенти на прв циклус на сите факултети во составот на Американскиот универзитет на Европа- ФОН и 171 студент на втор циклус на сите факултети во рамки на Универзитетот. Види пошироко во табела бр. 1 и табела бр. 2[5]

Табела 1. Запишани студенти на Американскиот универзитет на Европа- ФОН во академската 2020/2021 година, прв циклус на студии

| ФАКУЛТЕТ | НАСОКА | Вкупно | |
|---|---|---|---|
| Архитектонски факултет | Архитектура | 29 | **29** |
| Факултет за детективи и безбедност | Криминалистика | 108 | **108** |
| Факултет за дизајн и мултимедија | Дизајн и мултимедија, област Графички дизајн | 41 | |
| | Дизајн и мултимедија, област Моден дизајн | 11 | |
| | Дизајн и мултимедија, област Мултимедија | 28 | **80** |
| Факултет за економски науки | Бизнис менаџмент | 38 | |
| | Маркетинг | 14 | |
| | Финансии | 28 | **80** |
| Факултет за информатика | Бизнис информатика | 11 | |
| | Информатика - модул: Компјутерско инженерство | 11 | |

4 Податоците за бројот на наставен и соработнички кадар се превземени од поединечните извештаи за самоевалуација на факултетите

5 Податоците за бројот на студенти запишани во прв и втор циклус на академската 2020/2021 година, Служба за студентски прашања на АУЕ-ФОН.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Информатика - Модул: Софтверско инженерство | 25 | **47** |
| Факултет за правни и политички науки | Политички науки и дипломатија - Модул: Меѓународна политика и дипломатија | 14 | |
| | Правни науки | 61 | **75** |
| Факултет за спортски менаџмент | Спорт и спортски менаџмент - Модул: Спортски менаџмент | 6 | |
| | Спорт и спортски менаџмент - Модул: Спорт и физичко образование | 14 | **20** |
| Факултет за странски јазици | Наставна насока | 11 | |
| | Бизнис насока | 5 | **16** |
| Вкупно | | 455 | **455** |

Табела 2. Запишани студенти на Американскиот универзитет на Европа- ФОН во академската 2020/2021 година, втор циклус на студии

| ФАКУЛТЕТ | НАСОКА | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|
| Архитектонски факултет | Втор циклус - Архитектура | 8 | 8 | |
| | Магистерски студии на Архитектура | 1 | 1 | 9 |
| Факултет за детективи и безбедност | Втор циклус на безбедност | 19 | 19 | |
| | Магистерски студии на безбедност | 5 | 5 | 24 |
| Факултет за дизајн и мултимедија | Втор циклус дизајн и мултимедија, област Моден дизајн | 4 | | |
| | Втор циклус дизајн и мултимедија, област Мултимедија | 2 | 6 | |
| | Магистерски студии на дизајн и мултимедија, област Графички дизајн | 1 | 1 | 7 |
| Факултет за економски науки | Магистерски студии по бизнис менаџмент | 2 | | |
| | Магистерски студии по маркетинг | 4 | | |
| | Магистерски студии по финансии - Банкарско-монетарен модул | 6 | 12 | |
| | Специјалистички студии по Деловна економија, модул Бизнис менаџмент | 22 | | |
| | Специјалистички студии по Деловна економија, модул Маркетинг | 8 | | |
| | Специјалистички студии по Деловна економија, модул Финансии | 7 | 37 | 49 |
| Факултет за информатика | Специјалистички студии по информатика - Бизнис информатика | 2 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Специјалистички студии по информатика - Компјутерско инженерство | 2 | | |
| | Специјалистички студии по информатика - Софтверско инженерство | 2 | 6 | 6 |
| Факултет за правни и политички науки | Втор циклус - Бизнис право | 8 | | |
| | Втор циклус - Политички науки и дипломатија - Модул: Внатрешна политика | 3 | | |
| | Втор циклус - Политички науки и дипломатија - Модул: Меѓународна политика и дипломатија | 7 | | |
| | Втор циклус на Правосудство - Модул: Граѓанско право | 18 | | |
| | Втор циклус на Правосудство - Модул: Казнено право | 24 | | |
| | Специјалистички студии на Меѓународно право и право на ЕУ | 3 | 63 | |
| | Магистерски студии - Политички науки и дипломатија - Модул: Внатрешна политика | 2 | | |
| | Магистерски студии - Политички науки и дипломатија - Модул: Меѓународна политика и дипломатија | 3 | | |
| | Магистерски студии на бизнис право | 1 | | |
| | Магистерски студии на меѓународно право и право на ЕУ | 1 | | |
| | Магистерски студии на Правосудство - Модул: Казнено право | 2 | 9 | 72 |
| Факултет за спортски менаџмент | Специјалистички студии, Спорт и спортски менаџмент - Спортски менаџмент | 3 | 3 | 3 |
| Факултет за странски јазици | Магистерски студии на меѓународен бизнис | 1 | 1 | 1 |
| Вкупно | | 171 | | |

Во учебната 2019/2020 година се запишани 339 студенти на прв циклус на сите факултети во составот на Американскиот универзитет на Европа- ФОН и 201 студент на втор циклус на сите факултети во рамки на Универзитетот. Види пошироко во табела бр. 3 и табела бр. 4[6]

Табела 3. Запишани студенти на Американскиот универзитет на Европа- ФОН во академската 2019/2020 година, прв циклус на студии

| ФАКУЛТЕТ | НАСОКА | Вкупно | |
|---|---|---|---|
| Архитектонски факултет | Архитектура | 14 | **14** |
| Факултет за детективи и безбедност | Криминалистика | 76 | **76** |
| Факултет за дизајн и мултимедија | Дизајн и мултимедија, област Графички дизајн | 29 | |
| | Дизајн и мултимедија, област Моден дизајн | 13 | |
| | Дизајн и мултимедија, област Мултимедија | 27 | **69** |
| Факултет за економски науки | Бизнис менаџмент | 27 | |
| | Маркетинг | 7 | |
| | Финансии | 23 | **57** |
| Факултет за информатика | Бизнис информатика | 6 | |
| | Информатика - Модул: Компјутерско инженерство | 6 | |
| | Информатика - Модул: Софтверско инженерство | 26 | **38** |
| Факултет за правни и политички науки | Политички науки и дипломатија - Модул: Внатрешна политика | 14 | |
| | Правни науки | 42 | **56** |
| Факултет за спортски менаџмент | Спорт и спортски менаџмент - Модул: Спортски менаџмент | 5 | |
| | Спорт и спортски менаџмент - Модул: Спорт и физичко образование | 9 | **14** |
| Факултет за странски јазици | Наставна насока | 11 | |
| | Бизнис насока | 4 | **15** |
| Вкупно | | 339 | **339** |

[6] Податоците за бројот на студенти запишани во прв и втор циклус на академската 2019/2020 година, Служба за студентски прашања на АУЕ-ФОН.

Табела 4. Запишани студенти на Американскиот универзитет на Европа- ФОН во академската 2019/2020 година, втор циклус на студии

| ФАКУЛТЕТ | НАСОКА | Вкупно | |
|---|---|---|---|
| Архитектонски факултет | Втор циклус - Архитектура | 16 | |
| | Магистерски студии на Архитектура | 2 | 18 |
| Факултет за детективи и безбедност | Втор циклус на безбедност | 21 | |
| | Магистерски студии на безбедност | 7 | 28 |
| Факултет за дизајн и мултимедија | Втор циклус дизајн и мултимедија, област Графички дизајн | 2 | |
| | Втор циклус дизајн и мултимедија, област Моден дизајн | 3 | |
| | Втор циклус дизајн и мултимедија, област Мултимедија | 7 | 12 |
| | Магистерски студии на дизајн и мултимедија, област Графички дизајн | 1 | |
| | Магистерски студии на дизајн и мултимедија, област Мултимедија | 1 | 2 |
| Факултет за економски науки | Магистерски студии по бизнис менаџмент | 1 | |
| | Магистерски студии по маркетинг | 3 | |
| | Магистерски студии по финансии - Банкарско-монетарен модул | 3 | |
| | Магистерски студии по финансии - Модул Меѓународни финансии | 2 | 9 |
| | Специјалистички студии по Деловна економија, модул Бизнис менаџмент | 11 | |
| | Специјалистички студии по Деловна економија, модул Маркетинг | 12 | |
| | Специјалистички студии по Деловна економија, модул Финансии | 19 | 42 |
| Факултет за информатика | Магистерски студии на Информатика - Модул: Софтверско инженерство | 1 | |
| | Магистерски студии на Информатика - Модул: Компјутерско инженерство | 1 | 2 |
| | Специјалистички студии по информатика - Компјутерско инженерство | 9 | |
| | Специјалистички студии по информатика - Софтверско инженерство | 3 | |
| | Специјалистички студии по информатика - Бизнис информатика | 1 | 13 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Факултет за правни и политички науки | Втор циклус - Бизнис право | 5 | |
| | Втор циклус - Политички науки и дипломатија - Модул: Внатрешна политика | 6 | |
| | Втор циклус - Политички науки и дипломатија - Модул: Меѓународна политика и дипломатија | 4 | |
| | Втор циклус на Правосудство - Модул: Граѓанско право | 8 | |
| | Втор циклус на Правосудство - Модул: Казнено право | 24 | |
| | Втор циклус - Меѓународно право и право на ЕУ | 1 | 48 |
| | Магистерски студии - Политички науки и дипломатија - Модул: Внатрешна политика | 2 | |
| | Магистерски студии - Политички науки и дипломатија - Модул: Меѓународна политика и дипломатија | 10 | |
| | Магистерски студии на Правосудство - Модул: Граѓанско право | 1 | |
| | Магистерски студии на Правосудство - Модул: Казнено право | 7 | |
| | Магистерски студии на Правосудство - Модул: Бизнис право | 2 | 22 |
| Факултет за спортски менаџмент | Магистерски студии - Спорт и спортски менаџмент - Модул: Спортски менаџмент | 1 | |
| | Магистерски студии - Спорт и спортски менаџмент - Модул: Спорт и физичко образование | 1 | 2 |
| | Специјалистички студии, Спорт и спортски менаџмент - Спортски менаџмент | 1 | 1 |
| Факултет за странски јазици | Магистерски студии на применета лингвистика (англиски јазик) | 2 | 2 |
| Вкупно | | 201 | 201 |

Во учебната 2018/2019 година се запишани 588 студенти на прв циклус на сите факултети во составот на Американскиот универзитет на Европа- ФОН и 339 студент на втор циклус на сите факултети во рамки на Универзитетот. Види пошироко во табела бр. 5 и табела бр. 6[7]

[7] Податоците за бројот на студенти запишани во прв и втор циклус на академската 2018/2019 година, Служба за студентски прашања на АУЕ-ФОН.

Табела 5. Запишани студенти на Американскиот универзитет на Европа- ФОН во академската 2018/2019 година, прв циклус на студии

| ФАКУЛТЕТ | НАСОКА | Вкупно | |
|---|---|---|---|
| Архитектонски факултет | Архитектура | 36 | **36** |
| Факултет за детективи и безбедност | Криминалистика | 131 | **131** |
| Факултет за дизајн и мултимедија | Дизајн и мултимедија, област Графички дизајн | 33 | |
| | Дизајн и мултимедија, област Моден дизајн | 15 | |
| | Дизајн и мултимедија, област Мултимедија | 27 | **75** |
| Факултет за економски науки | Бизнис менаџмент | 64 | |
| | Маркетинг | 23 | |
| | Финансии | 27 | **114** |
| Факултет за информатика | Бизнис информатика | 19 | |
| | Информатика - модул: Компјутерско инженерство | 6 | |
| | Информатика - Модул: Софтверско инженерство | 23 | |
| | Општи студии по информатика | 7 | **55** |
| Факултет за правни и политички науки | Политички науки и дипломатија - Модул: Меѓународна политика и дипломатија | 41 | |
| | Правни науки | 73 | **114** |
| Факултет за спортски менаџмент | Спорт и спортски менаџмент - Модул: Спортски менаџмент | 16 | |
| | Спорт и спортски менаџмент - Модул: Спорт и физичко образование | 7 | **23** |
| Факултет за странски јазици | Наставна насока | 22 | |
| | Бизнис насока | 6 | |
| | Јазична и академска подготовка | 12 | **40** |
| Вкупно | | 588 | **588** |

Табела 6. Запишани студенти на Американскиот универзитет на Европа- ФОН во академската 2018/2019 година, втор циклус на студии

| ФАКУЛТЕТ | НАСОКА | **Вкупно** |
|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Архитектонски факултет | Втор циклус - Архитектура | **13** | 13 | |
| | Магистерски студии на Архитектура | **1** | 1 | 14 |
| Факултет за детективи и безбедност | Втор циклус на безбедност | **33** | **33** | |
| | Магистерски студии на безбедност | **20** | **20** | 53 |
| Факултет за дизајн и мултимедија | Втор циклус дизајн и мултимедија, област Графички дизајн | **1** | | |
| | Втор циклус дизајн и мултимедија, област Моден дизајн | **4** | | |
| | Втор циклус дизајн и мултимедија, област Мултимедија | **2** | 7 | |
| | Магистерски студии на дизајн и мултимедија, област Графички дизајн | **1** | | |
| | Магистерски студии на дизајн и мултимедија, област Моден дизајн | **1** | 2 | 9 |
| Факултет за економски науки | Магистерски студии по бизнис менаџмент | **10** | | |
| | Магистерски студии по маркетинг | **12** | | |
| | Магистерски студии по финансии - Банкарско-монетарен модул | **6** | | |
| | Магистерски студии по финансии - Модул Меѓународни финансии | **6** | 34 | |
| | Специјалистички студии по Деловна економија, модул Бизнис менаџмент | **24** | | |
| | Специјалистички студии по Деловна економија, модул Маркетинг | **16** | | |
| | Специјалистички студии по Деловна економија, модул Финансии | **23** | 63 | 97 |
| Факултет за информатика | Магистерски студии на бизнис информатика | **2** | | |
| | Магистерски студии на Информатика - Модул: Софтверско инженерство | **2** | 4 | |
| | Специјалистички студии по информатика - Бизнис информатика | **4** | | |
| | Специјалистички студии по информатика - Компјутерско инженерство | **5** | | |
| | Специјалистички студии по информатика - Софтверско инженерство | **2** | 11 | 15 |
| Факултет за политички науки и дипломатија | Втор циклус - Политички науки и дипломатија - Модул: Внатрешна политика | **7** | | |
| | Втор циклус - Политички науки и дипломатија - Модул: Меѓународна политика и дипломатија | **11** | 18 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Магистерски студии - Политички науки и дипломатија - Модул: Внатрешна политика | **1** | | |
| | Магистерски студии - Политички науки и дипломатија - Модул: Меѓународна политика и дипломатија | **12** | 13 | 31 |
| Факултет за правни науки | Втор циклус - Бизнис право | **11** | | |
| | Втор циклус - Меѓународно право и право на ЕУ | **2** | | |
| | Втор циклус на Правосудство - Модул: Граѓанско право | **25** | | |
| | Втор циклус на Правосудство - Модул: Казнено право | **44** | 82 | |
| | Магистерски студии на бизнис право | **2** | | |
| | Магистерски студии на меѓународно право и право на ЕУ | **3** | | |
| | Магистерски студии на Правосудство - Модул: Граѓанско право | **6** | | |
| | Магистерски студии на Правосудство - Модул: Казнено право | **8** | 19 | 101 |
| Факултет за спортски менаџмент | Магистерски студии - Спорт и спортски менаџмент - Модул: Спортски менаџмент | **4** | 4 | |
| | Специјалистички студии, Спорт и спортски менаџмент - Спортски менаџмент | **6** | 6 | 10 |
| Факултет за странски јазици | Магистерски студии на применета лингвистика (англиски јазик) | **9** | 9 | 9 |
| Вкупно | | | | **339** |

Доколку се погледа бројот на тековни студенти што студираат на Американскиот универзитет на Европа- ФОН, може да се констатира дека Универзитетот според бројот на неговите студенти и бројот на факултетите во иднина е одржлив и се уште има потенцијал за негов натамошен развој, како во сегментот на домашните така и на странските студенти. Оттука, не случајно денес Универзитетот е целосно посветен на остварување на неговата мисија за зголемување на  квалитетот на нивното знаење, способности и вештини, неопходни за постигнување на поголема нивна конкуретност не само на домашниот пазар на трудот туку и на европскиот пазар на трудот, како основна претпоставка за задржување на неговото прво место според бројот на студенти меѓу приватните универзитети.

## 03.04. Студиски програми на прв циклус на студии

Студии од прв циклус од академската 2017/2018 година се изведуваат по нови наставни програми на следните факултети: Факултетот за политички науки и дипломатија, Факултетот за детективи и безбедност, Факултетот за странски јазици, Факултетот за информатика, Факултетот за економски науки, на Факултетот за дизајн и мултимедија, Факултетот за спортски менаџмент и Факултетот за архитектура. Додипломските студии (прв циклус на студии) на сите овие факултети траат четири години (осум семестри), односно на студентите им се потребни 240 кредити за стекнување на диплома. На Фалкутетот за правни науки додипломските студии траат три години (шест семестри), односно, потребно е да се стекнат 180 кредити за стекнување на диплома. Подетален опис на додипломските студии е даден во поединечните факултетски извештаи за самоевалуација.

## 03.05. Студиски програми на Втор циклус на студии

Студии од втор циклус од академската 2017/2018 година се изведуваат по новите акредитирани програми на Универзитетот и тоа за оние кои завршиле прв циклус на студии, а тоа значи кои имаат тригодишни студии, запишувајќи се во четврта година, како и оние кои имаат четиригодишно траење на додипломските студии кои можат да го продолжат своето образование со запишување во петта година на студии.

Всушност, на Универзитетот ФОН постдипломските студии (како студии од втор циклус) се изведуваат според Болоњската декларација.

## 03.06. Облици на стручно – професионално усовршување (континуирано образование)

Концептот на доживотно учење (lifelong learning) поаѓа од фактот дека континуираното учење во текот на целиот живот (стекнување на општо знаење, стручни квалификации и практични вештини) и отвореноста на образованието спрема

најширокото население треба да биде основа на општеството и економијата со цел подобро да се одговори на предизвиците кои се резултат на шроцесот на глобализација. Целта на овој концепт е поттикнување на поединците за постојано усовршување, дополнување, продлабочување и осовременување на знаењето, за да се одговори на општествените промени, промените на пазарот на трудот, намалување на невработеноста и потребите на работодавците. Американскиот универзитет на Европа- ФОН сеуште нема воведено програми за стручно односно професионално усовршување, според концептот на доживотно учење предвиден во член 141 од Законот за високото образование. Изработката на такви програми и подготвителнтие активности за изведување на ваков вид настава се во тек.

Американскиот универзитетот на Европа- ФОН треба да води евиденција на дипломираните (поранешни) студенти согласно членот 86 од Законот за високо образование и да биде во постојана врска со нив во смисла на следење на нивните понатамошни потреби на работните места со цел да може да ги дефинира нивните потреби и да организира разни облици на стручно, однсоно професионално усовршување според концептот за доживотно учење. Спојувајќи го формалното со неформалното образование, а во соработка со јавниот и приватниот сектор во државата, Центарот за кариера и алумни[8] при Американскиот универзитет на Европа-ФОН, секојдневно вложува во подобрување на личниот и професионален развој на студентите. Тој има за цел да се обединат сегашните и поранешните студенти (алумни). Формирањето на оваа асоцијација има двократна цел:

1. Американскиот универзитет на Европа- ФОН да одржува блиски односи со своите поранешни студенти и при тоа: да ги информира за можностите за работно ангажирање, т.е., можностите за практика и вработување (во рамките на ФОН и во останатите партнер-компании); да нуди можности за научно и стручно надградување како што се тренинзи, работилници семинари, постдипломски студии и сл.; да обезбеди разни бенефиции и услуги кои ќе им помогнат на алумни студентите да одржуваат врска со својата образовна институција и со останатите дипломци.

2. Универзитетот да обезбеди простор за воспоставување врска помеѓу поранешните и сегашните студенти со креирање на форум преку кој:

- ќе се формираат нови пријателства и бизнис односи меѓу луѓе со слични инстреси;

- ќе се иницира постојана размена на идеи, искуства и научни /кариерни информации;

[8] Поопширно на https://fon.edu.mk/content.aspx?

- ќе се поттикнува взаемна помош и асистенција меѓу студентите при барањето на можности за работа и развој на кариерата;

Наведените цели ќе се остварат преку постојано информирање на алумни студентите за најактуелните новости кои ќе се објавуват и на оифицијалната веб страна на АУЕ-ФОН, ќе се праќа електронска пошта на членовите на асоцијацијата, ќе се организираат средби, алумни недели и сл.

### 03.07. Местото на Универзитетот во рамките на националното образование

Самиот факт што Американскио универзитет на Европа- ФОН е директен правен наследник на правата и обврските од дотогаш постоечкиот Европски Универзитет Република Македонија, доволно зборува за местото на Универзитетот во рамките на националното образование.

Во времето кога се појави, тој пополни една голема празнина во рамките на високо-образовната мрежа во Република Македонија, затоа што веднаш успеа на своите факултети да прифати голем дел од учениците кои, дотогаш, се запишуваа во странство и уште поголем дел од учениците кои бараа други повисоки стандарди на високо-образовна институција која со самото тоа нуди повисок квалитет.

Потоа, високообразовната мрежа во Република Македонија, за релативно краток временски период брзо и енормно се прошири со отворање на нови државни и приватни универзитети и со отворање на дисперзирани студии на повеќе факултети од тие универзитети. Но, тоа само по себе, не значи дека конкуренцијата во иста мера придонесе за зголемување на квалитетот на таа нова висообразовна понуда. Затоа, Американскиот универзитет на Европа- ФОН постојано настојува, не само да опстојува во таа високообразовна мрежа, туку и да биде национален репер, според стандардите на своето функционирање и според квалитетите кон кои постојано тежнее и ги постигнува.

## 04. СТУДИСКИ И ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ

## ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ

### 04.01. Цели

Глобалната цел на првиот циклус од општи студии што се реализираат на Американскиот универзитет на Европа- ФОН е едуцирање на стручни кадри од различни области. Ваквите студиски програми се дизајнирани на тој начин што е воспоставен логичен спој меѓу дисциплини што нудат општо образовни и фундаментални знаења, како и дисциплини што овозможуваат стекнување стручни (односно специјализирани) знаења, со што се диференцира конкретниот профил на високо образовниот кадар што произлегува од Универзитетот. Посебна (или професионална) цел на ваквиот вид студии е студентите да се стекнат со високо стручни професионални знаења и вештини што на дипломираните кадри им се потребни по нивното дипломирање за да можат да се вработат и да остварат успешен старт на високо-образовани стручњаци во стопанството, во државните органи и институции, како и во другите органи, организации и институции на македонското општество.

Во академската 2017/2018 година Универзитетот ФОН има добиено акредитација за следниве студиски програми од студии од прв циклус:

1) Факултет за економски науки
   - Прв циклус на студии - финансии;
   - Прв циклус на студии - бизнис менаџмент;
   - Прв циклус на студии - маркетинг;
   - Прв циклус на студии - туризам;
2) Факултет за политички науки и дипломатија
   - прв циклус на студии (модул А- внатрешна политика, модул Б- меѓународна политика и дипломатија)
3) Факултитет за детективи и безбедност
   - прв циклус на студии- криминалистика;
4) Архитектонски факултет
   - Прв циклус на студии архитектура
5) Факултет за странски јазици
   - прв циклус на студии- наставна насока: англиски јазик и книжевност со јазик Б
   - прв циклус на студии- бизнис насока
6) Факултет за спортски менаџмент;

- прв циклус- спорт и спортски менаџмент (модул спортски менаџмент, модул спорт и физичко образование)

7) Факултет за информатика
   - Прв циклус на студии- информатика: модул А-софтверско инженерство, модул Б- компјутерско инженерство, модул Ц- информатичко образование
   - Прв циклус на студии бизнис информатика
8) Факултет за дизајн и мултимедија
   - Прв циклус на студии - графички дизајн
   - Прв циклус на студии – мултимедија
   - Прв циклус на студии – моден дизајн

Концептот на првиот циклус на студии недвосмислено упатува на заклучокот дека Американскиот универзитет на Европа- ФОН, континуирано следејќи ги промените во општествено-политичкиот систем и севкупниот амбиент во земјата, со дизајнирањето актуелни студиски и предметни програми од првиот циклус на студии дава значаен придонес не само за развојот на високото образование во Република Македонија, туку и за севкупниот развој и просперитет на нашата земја.

**04.02. Структура и содржина на програмите**

Американскиот универзитет на Европа- ФОН (до моментот на вршењето на самоевалуацијата) има право да организира настава на додипломски студии од следниве области: економски науки, правни науки, политички науки и дипломатија, криминалистички и безбедносни науки, информатички и комуникациски технологии, филолошки науки (англиски јазик, односно странски јазици и бизнис), дизајн и мултимедија, спортски менаџмент како и во областа на архитектурата.

Студиите, главно, се одвиваат во 8 семестри (со по 240 кредити). На ваков начин функционираат: Факултетот за економски науки, Факултетот за политички науки и дипломатија (односно по спојувањето со Факултетот за правни науки, студиите за политички науки и дипломатија), Факултетот за детективи и безбедност, Факултетот за спортски менаџмент, Факултетот за архитектура, Факултетот за информатика, Факултет за дизајн и мултимедија и Факултетот за странски јазици.

На Факултетот за правни науки студиите се димензионирани во 6 семестри (180 кредити).

Американскиот универзитет на Европа- ФОН организира настава на македонски и на албански јазик.

На албански наставен јазик се одвива настава на: Факултетот за детективи и безбедност, Факултетот за правни науки, Факултетот за економски науки и на Факултетот политички науки и дипломатија.

Содржините на првиот циклус на студии, во зависност од насоката, опфаќаат наставни предмети што се неопходни за стекнување додипломско образование од соодветната област. Структурата на програмите од првиот циклус на студии на идните дипломирани студенти како високо образовани кадри од соодветната област им овозможува да започнат кариера во државниот или приватниот сектор на почетни работни позиции за кои што се предвидени соодветни високо образовни квалификации.

Првиот циклус на студии се остварува во текот на четири (односно три) студиски години, при што секоја програма опфаќа два семестра – зимски и летен. Заради следење на секоја студиска програма студентите се обврзани да посетуваат настава во текот на 8 (односно 6) семестри на општите студии по областите од соодветниот факултет. По положувањето на сите испити од овој циклус студентите се стекнуваат со звања од соодветната област (дипломиран правник, дипломиран политиколог, дипломиран економист итн.).

Приказот на предметите по студиските програми кои се акредитирани (и кои се применуваат од академската 2017/2018 година) е даден во извештаи за самоевалуација кои ги подготвува секој факултет во рамки на Универзитетот.

Во структурата на предметите од овие студиски програми од првиот циклус на студии на Американскиот универзитет на Европа- ФОН се застапени 20% општо-образовни дисциплини, 30% основни дисциплини, како и 50% стручни дисциплини. Треба да се потенцира дека на определени факултети се согледува потреба за вршење промени во структурата и насловите на стручните предмети, и тоа првенствено во насока на зголемена застапеност на стручните дисциплини, со што би се влијаело врз попрецизното дефинирање на соодветниот стручен профил. Застапеноста на дисциплините е прикажана во поединечните факултетски извештаи за самоевалуација.

### 04.03. Образовен систем и услови за негова реализација

Поаѓајќи од законски дефинираната рамка за предвидениот неделен фонд на часови и вежби, според којашто на студиските програми за додипломски студии е потребно да се организираат најмногу дваесет часови предавања и десет часови вежби, во рамките на 60 кредити годишно, може да се констатира дека студиските програми во првиот циклус како општи студии застапени на Американскиот универзитет на Европа-ФОН во целост ги задоволуваат законски предвидените услови.

Стекнувањето високо стручни знаења се темели врз концепцијата на обединување на теоријата со практиката. Имено, студентите практична настава спроведуваат во државни институции и реномирани компании, со кои Американскиот универзитет на Европа- ФОН има потпишано договори за соработка.

**04.04. Организација и искористување на академскиот кадар и ресурсите**

Факултетите во рамки на АУЕ-ФОН ги усвојуваат ангажманите, односно распределбата на обврските за академскиот кадар пред почетокот на секоја академска година согласно законски предвидениот рок, при што се внимава вкупното оптеретување на секој наставник, односно бројот на предмети за кои врши настава во прв и втор циклус на студии да биде според предвидените законски критериуми определени во членот 161, став 9 и 10, а тоа е најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии во текот на еден семестар во учебната година, односно најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии во текот на еден семестар во учебната година.

Секој предметен наставник ги следи сите современи дидактички тенденции и достигнувања изнесени во содржината на предметната програма, според наведената основна (задолжителна) и дополнителна литература, а по потреба во законски предвидени рамки врши квалитативни промени на предметната програма, и тоа согласно со достигнувањата во развојот на соодветната научна област. Целта на таквите промени е да се инкорпорираат нови сознанија и научни дострели во содржината на научната дисциплина, како и да се обезбеди спроведување на настава што е компатибилна со домашни и странски студиски програми. Сиот наставен и соработнички кадар перманентно стручно се доусовршува во сопствената област.

### 04.05. Услови за реализација на образованието

Американскиот универзитет на Европа- ФОН располага со соодветни просторни и технички услови за работа што ги задоволуваат потребите на студентите и на наставниот кадар, и континуирано работи на подобрување на овие услови. Исполнети се сите дидактички стандарди за реализирање на наставата. Имено, за потребите на образовниот процес во објектите што наоѓат во седиштетото на АУЕ-ФОН во Скопје, како и во дисперзираното одделение во Струга, се користат училници и лаборатории снабдени со најсовремени нагледни средства и опрема (ЛЦД проектори, лап топ и други компјутери итн.).

### 04.06. Интернационален контекст на студиските програми

Американскиот универзитет на Европа-ФОН се грижи за перманентна трансформација, иновирање и осовременување на студиските програми, со цел за нивно усогласување со меѓународните стандарди и барања за подобрување на квалитетот на високообразовниот процес, посебно на барањата на Европската унија во областа на високото образование. Така, студиските програми според структурата се напредни и иновативни, односно се дизајнирани во склад со препораките на Болоњската декларација и со користење на меѓународни искуства во создавањето и функционирањето на современи модели на високо образование.

Студиските програми се дизајнирани со задолжителни и изборни предмети што се групирани не само во една или повеќе насоки. Програмите на дипломираните студенти им овозможуваат професионална реализација не само на национално, туку и на меѓународно ниво.

### 04.07. SWOT анализа на студиските програми од прв циклус на студии

| | |
|---|---|
| S | - актуелност и компатибилност на студиските програми;<br>- висок квалитетот на знаењата што ги нудат студиските и предметните програми;<br>- дефинирана стратегија за соработка со универзитети, научни и други државни институции, како и со стопанството; |

| | |
|---|---|
| | - едуцирање на високо стручни кадри со теориски и практични знаења од соодветна област;<br>- висока специјализираност на определени студиски програми;<br>- застапеност на домашни или странски визитинг професори и експерти при реализирањето на дел од наставните содржини; |
| **W** | - недоволен број библиографски единици во библиотеката на Американскиот универзитет на Европа- ФОН од областите по одделни предмети<br>- немање пристап до електронска база на податоци од областите застапени во студиските програми<br>- несоодветна покриеност со наставен кадар за некои студиски програми<br>- нестимулирање на научно-истражувачката работа на универзитетот и слаба вклученост на студентите во научни и истражувачки проекти; |
| **O** | - модернизација и креирање на нови атрактивни студиски програми за привлекување на студентите и напуштање на нерентабилните студиски програми<br>- започнување на процесот на структурни промени за спојување на факултети со цел да се исполни критериумот од член 61, став 3 од Законот за високо образование<br>- можности за научно поврзување и приближување на студиските програми со програми од други универзитетски центри во земјата и странство, врз основа на принципот на долгорочна соработка;<br>- примена на современи методи во предавањата и популаризирањето на студиите преку видео конференции и интернет;<br>- можности за воспоставување на подобра соработка со институциите, насочена кон практична реализација на наставните програми; |
| **T** | - недоволна подготвеност на државната и локалната власт, како и на приватните фирми за остварување на потесна соработка;<br>- ограничени можности за вработување на едуцираниот кадар поради неповолниот општествен развој кој ги лимитира можностите за вработување. |

## ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ

### Специјалистички и магистерски студии

Американскиот универзитет на Европа- ФОН има добиено акредитација и за вториот циклус на студии што  опфаќа последипломски студии – специјалистички и магистерски студии, кои се димензионирани како 1+1 семестар со вкупно 60 кредити за специјалистичките, односно 1+1 семестри со вкупно 60 кредити за магистерските студии.

На АУЕ- ФОН втор циклус на студии се реализира за следниве студиски програми:

1) Факултет за економски науки
   - Втор циклус - финансии;
   - Втор циклус - бизнис менаџмент;
   - Втор циклус - маркетинг;
   - Втор циклус - туризам;
2) Факултет за правни науки
   - втор циклус -правосудни студии (модул А- граѓанско право и модул Б- казнено право);
   - втор циклус - бизнис право;
   - втор циклус - меѓународно право и право на ЕУ;
3) Факултет за политички науки и дипломатија
   - втор циклус: модул А- внатрешна политика, модул Б- меѓународна политика и дипломатија
4) Факултитет за детективи и безбедност
   - втор циклус на студии- безбедност;
5) Архитектонски факултет
   - Втор циклус на студии –архитектура
6) Факултет за странски јазици
   - втор циклус на студии применета лингвистика
   - втор циклус на студии меѓународен бизнис
7) Факултет за спортски менаџмент втор циклус на студии:
   - - спортски менаџмент,
   - - спорт и физичко образование
8) Факултет за информатика
   - Втор циклус на студии Модул А: софтверско инженерство
   - Втор циклус на студии Модул Б: компјутерско инженерство

- Втор циклус на студии- бизнис информатика

9) Факултет за дизајн и мултимедија
   - Втор циклус на студии – графички дизајн
   - Втор циклус на студии – мултимедија
   - Втор циклус на студии – моден дизајн

**Втор циклус на студии – според ЕКТС**

Во академската 2007/2008 година се акредитирани класични магистерски студии (за студенти што имаат претходно завршено четиригодишни додипломски студии) според следниве студиски програми:

1) менаџмент во банкарскиот, профитниот и непрофитниот сектор;

2) европско право; и

3) европска и меѓународна политика и дипломатија.

Во 2011/12 се започнува со доследна примена на ЕКТС системот – односно се запишуваат студенти не во класични магистерски студии, туку во втор циклус на студии, според 3+1+1 односно 4+1 системот. Наставните насоки се во согласност со акредитираните програми на секој факултет. Додека пак во 2017/2018 година се изврши акредитација на нови студиски програми (освен за Факултетот за правни науки) за последипломски студии – специјалистички и магистерски студии, кои се димензионирани како 1+1 семестар со вкупно 60 кредити за специјалистичките, односно 1+1 семестри со вкупно 60 кредити за магистерските студии.

Во натамошниов дел од текстов ги прикажуваме и анализираме вториот циклус на студии на АУЕ-ФОН.

**04.08. Цел**

Целта на овие студии е едуцирање на стручни кадри од различни области (економија, право, меѓународна политика, безбедност и др.). Со креирањето и реализацијата на ваквиот вид студиските програми АУЕ-ФОН покажува дека ги следи

актуелните општествени текови и севкупниот амбиент во Република Македонија, давајќи придонес во нејзиниот развој со школување потребен високо стручен кадар на магистерско ниво.

### 04.09. Структура и содржина на програмите

Студиските програми за вториот циклус на студии имаат за цел на последипломците да им овозможат континуирано продлабочување на знаењата стекнати на додипломските студии од различни области (менаџмент во банкарскиот и друг сектор, дипломатија и меѓународна политика, право, безбедност итн.). Тие се дизајнирани на тој начин што обезбедуваат опфаќање на повеќе аспекти на изучуваните области, со што се создаваат солидни претпоставки за оспособување кадар од повисоки стручни, академски и научни степени.

Студиските програми се реализираат во четири односно два семестра (во првите три семестри се изучуваат предметните програми, а во четвртиот семестар покрај изучувањето на предметните програми се врши подготовка за изработка на магистерски труд).

Програмите за **втор циклус на студии** содржат:

- 12-15 задолжителни едносеместрални предмети;
- 6-10 изборни едносеместрални предмети;
- истражувачка методологија;
- изработка на еден семинарски труд од изборните или едносеместралните предмети;
- истражувачка пракса;
- изработка на магистерски труд.

Студентот за да се стекне со звањето мастер по соодветната област треба да има вкупно 300 кредити. Наставата е организирана во два (односно четири) семестри.

### 04.10. Образовен систем и услови за негова реализација

Поаѓајќи од законски дефинираната рамка за предвидениот неделен фонд на часови и вежби, според којашто на студиските програми за одвивање на вториот циклус на студии е потребно да се организираат најмногу во четири или два семестри, со вкупен

фонд на кредити од 120 односо 60, може да се констатира дека овие студиски програми во целост ги задоволуваат законски предвидените услови.

### 04.11. Влезен потенцијал на студентите

На овој вид на студии се запишани последипломеци со хетероген состав. Имено, запишаните последипломци имаат различен профил, односно претходно имаат завршено различни факултети од повеќе области или прв циклус на студии, како: економски, правен, туризам, дипломатија и меѓународна политика, филологија, филозофија, педагогија, медицина, природно-математички науки, градежен факултет, воена академија, безбедност, информатика итн.

Со оглед на фактот дека наставата редовно се одржува, дека неа ја изведуваат квалитетни наставници и дека наставниците секогаш им стојат на располагање на студентите, се создадени сите предуслови за постигнување на добри резултати од овие студии.

### 04.12. Организација и искористување на академскиот кадар и ресурсите

Наставата на овие студии ја спроведуваат главно професори од АУЕ-ФОН, меѓутоа, како визитинг професори се вклучени и домашни или странски познати експерти во конкретни области. Од ова се заклучува дека наставниот кадар на Универзитетот е рационално искористен и за изведување последипломска настава.

Во организацијата на наставата учествуваат сите носители на наставно-образовниот процес, а во службата за студентски прашања има посебен референт кој ги опслужува студентите. Реализацијата на студиските програми се одвива без проблеми и застои. Според тоа Комисијата заклучува дека овие студии на Универзитетот се добро организирани.

### 04.13. Нивоа на успеси

Немаме потполни показатели за нивото на успеси на овие студии, бидејќи се уште не е завршено школувањето на сите студенти според добиената акредитација. Но имајќи го во вид квалитетот на веќе одбранетите специјалситички и магистерски трудови можеме

да очекуваме солидни резултати на овие студии кога потполно ќе се заокружи школувањето барем на една генерација на студенти.

Потполни сознанија за квалтетот на овие студии ќе добиеме откако ќе заврши реализацијата на школувањето барем кај една генерација на студенти на овие студии. Тие сознанијие ќе бидат искористени за евентуално преземање на корективни мерки за подобрување на квалитетот на студиите и за попрецизно дефинирање на стручниот профил.

### 04.14. Квалитет на завршените студенти (специјалисти и магистри)

Иимајќи ја во вид средната оценка на успехот на студентите, како и квалитетот на изработката и одбраната на магистерсктие трудови кој во најголем број случаи е доста висок, можеме да се констатира дека е постигнат солиден квалитет на завршените магистри. Дефинитиванта оценка за квалитетот на завршените студенти на овој циклус на студии ќе може да се даде откако ќе се добијат податоците од работодавците за успешноста во работењето на специјалситите и магистрите на науки кои го завршиле овој циклус на студии на АУЕ-ФОН.

Табела 7. Дипломирани студенти на Американскиот универзитет на Европа- ФОН во 2019 година

| ФАКУЛТЕТ | Прв циклус | специјалисти | магистри | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Архитектонски факултет | 17 | 2 | 2 | |
| Факултет за детективи и безбедност | 31 | 17 | 14 | |
| Факултет за дизајн и мултимедија | 18 | 5 | 2 | |
| Факултет за економски науки | 43 | 38 | 23 | |
| Факултет за информатика | 20 | 3 | 5 | |
| Факултет за правни и политички науки | 75 | 42 | 37 | |
| Факултет за спортски менаџмент | 3 | 0 | 2 | |
| Факултет за странски јазици | 13 | 0 | 2 | |
| Вкупно | 220 | 107 | 87 | 414 |

Табела 8. Дипломирани студенти на Американскиот универзитет на Европа- ФОН во 2020 година

| ФАКУЛТЕТ | 1 циклус | специјалисти | магистри | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Архитектонски факултет | 8 | 1 | 4 | |
| Факултет за детективи и безбедност | 23 | 18 | 13 | |
| Факултет за дизајн и мултимедија | 10 | 4 | 3 | |
| Факултет за економски науки | 21 | 36 | 33 | |
| Факултет за информатика | 12 | 7 | 3 | |
| Факултет за правни и политички науки | 45 | 42 | 40 | |
| Факултет за спортски менаџмент | 1 | 2 | 3 | |
| Факултет за странски јазици | 15 | 0 | 1 | |
| Вкупно | 135 | 110 | 100 | 345 |

Табела 9. Дипломирани студенти на Американскиот универзитет на Европа- ФОН во 2021 година[9]

| ФАКУЛТЕТ | 1 циклус | специјалисти | магистри | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Архитектонски факултет | 6 | 2 | 0 | |
| Факултет за детективи и безбедност | 31 | 24 | 21 | |
| Факултет за дизајн и мултимедија | 13 | 4 | 4 | |
| Факултет за економски науки | 35 | 31 | 35 | |
| Факултет за информатика | 16 | 7 | 4 | |
| Факултет за правни и политички науки | 51 | 43 | 30 | |
| Факултет за спортски менаџмент | 7 | 2 | 4 | |
| Факултет за странски јазици | 9 | 0 | 7 | |
| Вкупно | 168 | 113 | 105 | 386 |

[9] Податоците за бројот на дипломирани студенти по факултети во академските 2019, 2020 и 2021 година се превземени од Службата за студентски прашања на АУЕ-ФОН

## 04.15. Услови за реализација на образованието

Универзитетот располага со солидни услови за работа во поглед на задоволување на сите дидактички стандарди за одвивање на вториот циклус на студии.

## 04.16. Интернационален контекс на студиските програми

Со потпишување на Болоњската декларација во 2003 година, Република Македонија стана дел од европскиот високообразовен простор. За образовните авторитети во Република Македонија тоа претставуваше и своевидна обврска за имплементација на клучните императиви на Болоњскиот процес и тоа:

- воспоставување на единствен Европски простор за високо образование;
- обезбедување мобилност на студентите и академскиот кадар и препознатливост на дипломи со користење на ЕКТС како универзална алатка;
- воведување трициклусни студии кои би се финализирале со споредливи дипломи дополнети со додаток на диплома;
- подигнување на нивото на квалитет на образовните услуги во академските ,институции и
- зајакнување на научно-истражувачката дејност како услов за унапредување на високообразовната дејност.

Следствени на овој процес беа спроведени и законодавните промени во нашата држава.

Американскиот универзитет на Европа- ФОН се грижи за перманентна трансформација, иновирање и осовременување на студиските програми заради исполнување на законски предвидените услови и нивно усогласување со меѓународните стандарди и барања, како и за подобрување на квалитетот на високообразовниот процес според барањата на Европската унија во областа на високото образованието.

### 04.17. SWOT анализа на студиските програми од вториот циклус на студии

| | |
|---|---|
| **S** | - актуелност на студиските програми;<br>- висок квалитетот на знаењата коишто ги нудат предметните програми;<br>- содржината и структурата на наставните дисциплини по одделните студиски програми овозможуваат потесна специјализација;<br>- поволна структура и квалитет на наставниот кадар вклучен во реализацијата на студиските програми; |
| **W** | - несоодветна покриеност со наставен кадар за некои студииски програми<br>- недоволен број библиографски единици во библиотеката на Американскиот универзитет на Европа- ФОН од областите за кои што се организирани ваквите студии;<br>- немање пристап до електронска база на податоци од областите застапени во студиските програми;<br>- немање доволен број научни списанија во библиотеката на Универзитетот од областите за кои се организирани последипломски студии;<br>- непостоење на посебна библиотека за последипломски студии;<br>- непостоење систематска, организирана и континуирана соработка со стопанството и со институциите во сферата на образовната и научно-истражувачката дејност; |
| **O** | - можности за модернизација и реструктуирање на студиските програми и напуштање на нерентабилните студиски програми<br>- можности за отпочнување на процесот на акредитација на трет циклус на студии на определени факултети<br>- започнување на процесот на структурни промени за спојување на факултети со цел да се исполни критериумот од член 61, став 3 од Законот за високо образование<br>- можности за научно поврзување и приближување на студиските програми со програми од други универзитетски центри во земјата и странство врз основа на принципот на долгорочна соработка<br>- примена на современи методи во предавањата и популаризирањето на студиите преку видео конференции и интернет; |

| | |
|---|---|
| | - можности за поголема мобилност на академскиот кадар и студентите за престој во универзитетски центри во странство<br>- можности за ангажирање на академски кадар од други универзитетски центри во земјата и странство;<br>- можности за воспоставување на подобра соработка со институциите; |
| **Т** | - форсирање на државните универзитети за сметка на приватните универзитети (иако имаат добиено акредитација согласно законски предвидената постапка) од страна на државните органи;<br>- недоволна подготвеност на државната и локалната власт, како и на приватните фирми, за остварување на потесна соработка;<br>- ограничени можности за вработување на едуцираниот кадар поради неповолниот општествено-економски развој, кој ги лимитира можностите за вработување. |

# 05. НАСТАВНО -НАУЧЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР

## 5.1. Наставен кадар

При изборот на наставниот кадар Универзитетот постапува во согласност со законските прописи за избор на наставници, наставно-стручен и соработнички кадар. Нагласуваме дека постојат нови - доста построги критериуми за избор на наставен кадар и за унапредување на наставниците во повисоки звања, коишто Американскиот универзитет на Европа- ФОН почна да ги применува. Постои одреден недостиг на квалифкуван кадар за изведување настава на албански наставен јазик. Тој проблем сега за сега се надминува со ангажман на наставници кои предаваат на македонски јазик.

Квалитетот на наставниот кадар односно на наставно-образовниот процес беше една од централните точки кон која беше насочено вниманието на Комисијата за самоевалуација.

За таа цел се извршија анкетирања на студентите на Универзитетот со анонимен анкетен лист кој содржи 10 прашања, од кои 8 прашања директно се однесуваа на квалитетот на наставниците, наставната програма, изведувањето на настава, оценувањето на професорите итн.

Од увидот во резултатите може слободно да се констатира дека одговори во просек на ниво на Американскиот универзитет на Европа- ФОН се 4,78 со мали отстапувања од просекот меѓу факултетите, но тоа не е случај кога се разгледуваат поединечните оценки на академскиот кадар (Види пошироко во табела бр. 10).

Тоа значи дека квалитетот на наставно-образовниот процес е урамнотежен по сите факултети и кај сите наставници што се потврдува и преку анкетирањето на студентите за квалитетот на наставата по секој поодделен предмет. Според показателите од анкетите содржани во поединечните факултетски извештаи студентите го оценуваат квалитетот на наставничкиот кадар во изведувањето на наставните активности со следнива оценки:

Табела 10. Просечна оценка на студентите на секој Факултет на ФОН Универзитет

| Назив на факултетот | Број на прашање | | | | | | | | Просеч на оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | |
| Факултет за економски науки | 4.95 | 4.92 | 4.95 | 4.96 | 4.91 | 4.93 | 4.93 | 4.9 | 4.93 |
| Факултет за правни и политички науки | 4.86 | 4.4 | 4.82 | 4.76 | 4.84 | 4.88 | 4.9 | 4.9 | 4.8 |
| Факултет за странски јазици | 4.39 | 4.41 | 4.46 | 4.37 | 4.22 | 4.43 | 4.50 | 4.37 | 4.39 |
| Факултет за детективи и безбедност | 4.7 | 4.8 | 4.8 | 4.8 | 4.7 | 4.8 | 4.9 | 4.7 | 4.8 |
| Факултет за дизајн и мултимедија | 4.78 | 4.7 | 4.81 | 4.7 | 4.73 | 4.79 | 4.76 | 4.69 | 4,74 |
| Факултет за информатика | 4.95 | 4.92 | 4.95 | 4.96 | 4.91 | 4.93 | 4.93 | 4.9 | 4.93 |
| Факултет за спортски менаџмент | 4.78 | 4.81 | 4.71 | 4.7 | 4.75 | 4.76 | 4.79 | 4.68 | 4.74 |
| Факултет за архитектура | 4.96 | 4.97 | 4.96 | 4.92 | 4.96 | 4.93 | 4.98 | 4.9 | 4.94 |
| **Американски универзитет на Европа- ФОН** | **4.79** | **4.74** | **4.8** | **4.77** | **4.75** | **4.8** | **4.83** | **4.75** | **4,78** |

## 05.02. Соработнички кадар

Соработничкиот кадар е исто така биран според квалификации соодветни за предметите што се предаваат, како и според законските норми за избор во звање. Ангажманот на соработниците во академската 2020/2021 година се гледа од поединечните факултетски извештаи.

Имајќи ги во вид напред наведените оценки забележливо е подобрување на оценката кај сите факултети и тоа кај Факултетот за детективи и безбедност, кај Факултетот за дизајн и мултимедија, кај Факултетот за информатичко-комуникациски технологии, кај Факултетот за политички науки и дипломатија, кај Факултетот за правни науки, кај Факултетот за спортски менаџмент и кај Факултетот за странски јазици.

### 05.03 SWOT анализа за наставно-научниот и соработничкиот кадар

| | |
|---|---|
| **S** | - поволна структура и квалитет на наставниот и наставно-стручниот кадар,<br>- интерес на наставниот кадар за понатамошно напредување и стручно усовршување.<br>- интерес за научно-истражувачка работа |
| **W** | - недостиг на наставен кадар за одредени студиски програми, односно за одредени тесно специјализирани предмети<br>- преголем фонд на часови на наставниот кадар, со што се оневозможува негова поголема инволвираност во научно-истражувачки проекти<br>- отсуство на соработнички кадар на поголемиот дел од факултетите<br>- недоволно услови за научно-истражувачка работа,<br>- недоволно услови за стручно усовршување во странство. |
| **O** | - можности за поголема мобилност на академскиот кадар за престој во универзитетски центри во странство;<br>- можности за ангажирање на академски кадар од други универзитетски центри во земјата и странство;<br>- вклучување во научно-истражувачки проекти (во земјата и странство)<br>- можности за воспоставување на подобра соработка со институциите на полето на реализација на научно-истражувачки проекти |
| **T** | - чувство на неизвесност и несигурност кај наставничкиот и соработничкиот кадар за судбината на приватното образование поради нелојална конкуренција од државните универзитети (дисперзијата на државните универзитети, ниски школарини, уписни квоти)<br>- недоволен број на кадар со научно звање доктор на науки во одредени научни области |

## 06. НАСТАВНО -ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

### 06. 01. Форми на наставно-образовниот процес

Согласно Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување на студирање во прв и втор циклус на студии на ФОН Универзитетот, студиската година започнува на 1 октомври, а завршува на 30 септември следната година и се дели на два семестри, зимски и летен. Периодот за реализација на наставата по семестри ја определува ректорската управа за што усвојува годишен глобален календар за академската година (Универзитетски календар, кој се објавува на web страната на Универзитетот). Универзитетскиот календар ги содржи рамковните одредби за временската дистрибуција на наставата, периодот за реализација на испититните сесии, како и државните и универзитетските празници. Врз основа на универзитетскиот календар, Советот донесува неделен распоред на часовите за настава што го објавува преку своите гласила, и распоредот на работни задачи за тековната учебна година, најдоцна 10 дена пред почетокот на учебната година.

Наставно образовната дејност се изведува преку предавања, вежби, семинари, индивидуална настава, практично оспособување, теренска работа, согласно спецификите на наставно-научните и/или уметничките области на предметите и активностите од студиската програма, како и консултативно-инструктивна настава, форми на континуирана проверка на знаењата и испити, како и учење и други форми на самостојна работа на студентот: спортски активности, проектни активности, истражување на литература, изработка на семинарски задачи, изработка на завршен труд (дипломски, специјалистички, магистерски) итн. [10]

Во реализацијата на наставно-образовниот процес, според спецификите на факултетите се применуваат различни форми на работа. На факултетите за правни и политички науки, за економски науки и за детективи и безбедност, доминантна форма на работа се предавањата екс катедра кои се однесуваат на групи според стандардите на Министерството за образование и наука. Додека другите предавања се изведуваат преку интерактивна настава во различни облици коишто сами по себе зборуваат дека значајно е унапредена интерактивната на настава на АУЕ-ФОН (посебно за секој факултет во Извештајите за самоевалуација на Факултетите). Интерактивната настава е најзастапена на Факултетот за применети странски јазици, а во голема маера и на другите факултети,

[10] Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување на студирање на прв и втор циклус на студии на Првиот приватен универзитет- ФОН, усвоен на седница на Сенатот одржана на 2.7.2019 година, https://fon.edu.mk Акти - AUE-FON, членови 22 и 25

што е сосем разбирливо имајќи ги во вид специфичностите на факултетите. На Факултетот за применети странски јазици се работи во многу помали групи што, исто така, произлегува од специфичностите на методологијата на изучувањето на странските јазици. На Факултетот за информатика се користат компјутерски лаборатории. Тие лаборатории се користат исто така, за потребите на сите студенти на АУЕ-ФОН во изучување на информатичките технологии. За Факултетот за дизајн и мултимедија, постојат исто така компјутерски лаборатории и посебно опремено ликовно ателје.

Неодминливо е да се нагласи дека на Универзитетот големо внимание и се посветува на практичната настава и на практиката што студентите се должни да ја следат надвор од Универзитетот, односно во државни органи, органи на државна управа, организации, установи, претпријатија во земјата и во странство. Голем дел од предавањата се од чисто практичен карактер.

### 06.02. Начини на проверка на знаења

Проверката на знаењата на студентите се врши во согласност со правилникот за спроведување на Европскиот систем за стекнување и пренесување кредити.

Во текот на секој семестар студентите полагаат по два колквиуми. Со следењето на извршувањето на другите обврски на студентот (присуство на настава, активност, изработка на семинарски трудови, домашни работи, есеи и сл.) според специфчностите на факултетите студентот може да добие дополнителни поени или вкупен максимум 100 поени, што е вреднувано со оцена 10 доколку студентот оствари од 91 до 100 поени. Минимумот за добивање преодна оцена е 51 поен, со тоа што студентот е должен да ги положи и двата колоквиуми и да освои мимимум од 50% од вредноста на секој колоквиум. Колоквиумот се смета за положен ако студентот освоил минимум 50% од бодовите предвидени за колоквиумот.

Студентите кои не ги положиле еден или ни двата колоквиуми се упатуваат на испит во февруарската, јунската или септемвриската испитна сесија. Во случај кога ќе се укаже објективна потреба за доплолнитела (вонредна) испитна сесија, ректорската управа може да одобри и таква испитна сесија.

## 06. 03. Дипломска работа

Дипломската работа е самостоен труд во којшто студентот ја обработува избраната тема со примена на научни и стручни методи и преку кој покажува дека стекнал научни и стручни компетенции во согласност со целите на студиската програма. Студентот на студиска програма на прв циклус на студии за која е предвидена изработка на дипломска работа, согласно решението за акредитација на студиската програма, може да пријави изработка на дипломска работа најрано на почетокот на последниот семестар од студиската програма (шести за тригодишни студии, односно осми за четиригодишни студии), доколку ги положил сите испити од претходните студиски години на соодветната студиска програма. Студентот може да ја достави изработената дипломска работа, согласно решението за акредитација на студисктата програма за оценување, откако ќе ги положи сите предвидени предмети, ќе ги исполни условите и сите обврски од студиската програма и ќе ги регулира сите административни и финансиски обврски, за што потврда издава службата за студентски прашања. Дипломската работа, согласно решението за акредитација на студиската програма за тригодишна студиска програма ја оценува комисија составена од два наставника. Дипломската работа за четиригодишна студиска програма ја оценува комисија составена од три наставника.[11]

По неколкуте измени на Законот за високо образование дипломската работа е повторно внесена како задолжителен труд за завршување на првиот циклус на студии. Комисијата смета дека ове е добра одлука на раководните органи на Универзитетот затоа што со изработката и одбраната на дипломската работа студентите ќе се оспособат за истражувачка работа и за писмено оформување на добиените резултати. Тоа добро ќе им послужи во праксата при извршувањето на работите и работните задачи на идните работни места кога ќе треба да истражуваат одредени појави и да им поднесуваат извештаи на претпостевентие за она што го утврдиле. Понатаму тоа позитивно ќе влијае на квалиетот на завршните трудови од вториот циклус на студии, бидејќи истражувањата кои ќе ги вршат студентите пред пишувањето на дипломските трудови и писменото

[11] Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување на студирање на прв и втор циклус на студии на Првиот приватен универзитет- ФОН, усвоен на седница на Сенатот одржана на 2.7.2019 година, https://fon.edu.mk Акти - AUE-FON, членови 63 и 65

оформување на трудовите ќе им претставуваат добра подготовка за изработка на специјалистичките и магистерските трудови.

### 06.04. Вештини за кои студентот се оспособува во текот на студиите

Во текот на студиите студентите на Американскиот универзитет на Европа- ФОН се стекнуваат со специфични излезни комптенции и умеења според спецификите на секој факултет пооделно.

Она што е заедничко за сите студенти на Универзитетот се сведува во главно на користење на дополнителна литература со критичко размислување, ефикасно користење на компјутер, познавање на најмалку еден странски, најчесто англиски јазик, подготвеност за вклучување во тимска работа, изработка на проекти, комуникативни интер-културолошки способности итн.

Со стекнувањето на овие вештини студентите ќе бидат оспособени за успешно извршување на бројни работни задачи во стопанството, органите на државната власт, услужните дејности како и за квалитенто извршување на работите и работните задачи при самостојните професии (адвокати, нотари, судски извршители, политиколози, книговодители, преведувачи, детективи и сл).

## 07. СТУДЕНТИ

Бројот на студенти на Универзитетот во периодот на самоевалуацијата е прикажан во поглавјето 03.03.

Во текот на учебната 2020/2021 кога се вршеше самоевалуацијата на Универзитетот немаше организирано приемни испити, но затоа приемот на студенти се остварува преку конкурс и рангирање на студентите според успехот изразен со просечната оценка (максимум 60 бодови) и успехот кој е остварен на матурата (максимум 40 бодови). Впрочем и една од целите на воведувањето на матурскиот испит беше учениците да не полагаат завршен испит, а потоа и приемен испит по факултетите.

Службата за студентски прашања е во можност да даде само делумни податоци за прилив на студенти по факултети од други факултети, како и одлив по години и факултети на студенти од факултетите односно од Универзитетот. Поради нецелосноста на податоците истите не беа детално анализирани.

Ангажираноста на студентите во наставно-образовниот процес е добра во интерактивната настава, како и во практичната настава.

Интерактивната настава се спроведува така што професорите претходно им даваат задача на студенти да го прочитаат материјалот по оддлени прашања кои ќе ги предаваат, а потоа на денот на предавањето студентот го изнесува она што го прочитал – проучил со коментари и дообјаснувања од страна на професорот.

Дел од професорите држат предавања од типот екс-катедра со примена на презентации што во значителна мера ги намалува негативните страни на овие предавање затоа што при следењето на наставата е вклучена и визуелната компонента. Еден дел од професорите предавањата екс катедра ги комбинираат со активирање на студентите на тој начин што им поставуваат прашања во врска со градивото што го предаваат или бараат да се повторат некои дефиниции или набројувања со што постојано го одржуваат вниманието на студентите на одредена висина.

Ако се погледне индикаторот бројот на тековни студенти по факултети и бројот на наставници во редовен работен одност заедно со повремено ангажираните наставници ќе се констатира дека на 51 студент има еден професор. Овој индикатор е многу territory поволен и овозможува квалитетна реализација на наставата. Односно, општиот сооднос на бројот на сите студенти на Американскиот универзитет на Европа- ФОН, како интегриран универзитет, и вкупниот број на наставници кои се во редовен работен однос на АУЕ-ФОН изнесува 3.016 : 60, односно 51 : 1. Во пресметување на соодносот се вклучени сите наставници кои ги реализираат програмите на единиците (редовно вработени на факултетот, од други единици на ФОН и визитинг наставници од други универзитети/институции).

Што се однесува до вежбите тие во најголем дел се изведуваат со составување на акти, одговори на прашања, пишување на состави, објаснување на оддлени поими, дискусија за решавање на одделни проблеми, решавање на зададени задачи, разјаснување на недоволно јасни прашања и сл. Со тоа се постигнува студентите да бидат значително поактивни на вежбите отколку на предавањата.

Загрижува појавата на голем број отсуствувања од предавањата и вежбите, што особено доаѓа до израз кај повисоките години на студии. Во врска со ова пред органите

на раководењето со наставно-образвниот процес се наметнува потребата од изнаоѓање на поефикасни методи за мотивирање на студентите за поголемо присуство на наставните активности.

Студентите активно учествуваа во процесот на самоевалуацијата преку преку пополнување на анонимниот анкетен лист со вкупно 10 прашања, од кои 8 прашања за квалитетот на реализирање на наставата, редовноста во одржување на предавањата и вежбите, достапноста на наставничкиот и соработничкиот кадар за консултации, достапност на литературата и материјалите кои се потребни за подготовка на испитие и колоквиумите итн. Деветтото прашање од анкетата се однесува на посетеноста на наставата, додека десеттото прашање е од отворен карактер и им овозможува на студентите да дадат свои забелешки и коментари поврзани со наставно-образовниот процес. Целта е добиените резултати од анкетата да се употребат за унапредување на квалитетот на наставно-образовниот процес на Универзитетот.

Според Статутот на АУЕ-ФОН, студентите се организираат во Универзитетско студентско собрание, кое претставува тело на Универзитетот во кое членуваат претставници на студентите, коишто ги претставуваат нивните интереси, барања и предлози. Факултетското студентско собрание е тело на единицата на Универзитетот, во кое членуваат претставници на студентите. Право да избираат и да бидат бирани за членови на факултетското студентско собрание имаат сите студенти на единицата кои се запишани на студии во учебната година во која се избира факултетското студентско собрание. Факултетското студентско собрание брои десет членови кои се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање. Факултетските студентски собранија именуваат по двајца претставници во Универзитетското студентско собрание на Универзитетот во чиј состав се. Студентите во рамките на правото на управување со Универзитетот и факултетите донесуваат и остваруваат програма на различни форми и видови дејности организирани на Универзитетот и факултетите во негов состав; ги разгледуваат и на надлежните органи им ги доставуваат мислењата за статутите и другите општи акти што ги донесува Универзитетот и факултетите, посебно од аспект на правата и должностите на факултетите; избираат свои претставници во органите на Универзитетот и факултетите; расправаат и одлучуваат и за други прашања од интерес на студентите.[12]

[12] Статут (пречистен текст) на Американскиот универзитет на Европа- ФОН, Универзитетски билтен бр. 243, fon.edu.mk, чл. 223-231

Студентите, според Законот за високо образование, треба да учествуваат во управувањето со Универзитетот и тоа: претставниците на студентите сочинуваат најмалку 10% , но не повеќе од 15% од членовите на сенатот (член 93, став 8 од Законот за високо образование); понатаму студентите учествуваат во работењето на ректорската управа (бројот на претставници на студентите поблиску се утврдува со статутот на универзитетот- член 102, став 3 од ЗВО); студентите учествуваат и во работата на наставно-научните совети- претставниците на студентите сочинуваат најмалку 10%, но не повеќе од 15% од вкупниот број на членови на наставно-научниот совет (член 109, став 7 од ЗВО).

## 08. ЛОГИСТИКА

**Службата за студентски прашања** работи од 8 до 16 часот секој работен ден. Таа ги уредува студентските досиеја од наставен и од финансиски карактер. Службата ги опслужува и студентите од вториот циклус на студии. И покрај напорите на вработените за навремено и целосно опслужување на студентите, сепак поради постоечките програмски (софтверски) решенија постојат одредени проблеми кои треба да се надминат.

Посоодветни програмски решенија треба да се пронајдат за следењето на состојбата на секое студенстско досие од финансиски и наставен аспект. Од финансиски аспект за сите потреби на менаџментот на Универзитетот, а од наставен карактер за сите потреби за анализа на успехот, проодноста на студентите, критериуми при оценување на наставниците и ред други прашања. Накратко, неопходно е создавање на база на податоци кои ќе може автоматски да се обработуваат од што ќе произлегуваат соодветни реакции на Ректорската управа.

Универзитетската библиотека не ги задоволува потребните стандарди на библиотечкото работење за потребите на високообразовните установи за што подетално е наведено во одделот просторни и материјални ресурси.

Фотокопирницата е функционална и студентите се задоволни. Сепак, постои потребата од нејзино проширување односно зголемување на бројот.

## 09. ПРОСТОРНИ И МАТЕРИЈАЛНИ РЕСУРСИ

### 9.1. Амфитеатри и предавални – Скопје

1.1. Еден објект со 7362 м² во Скопје;

1.1.1. Два современо опремени амфитеатри

- Првиот амфитеатар има 300 седишта на 340 м² ;
- Вториот амфитеатар има 200 седишта на 265 м² ;

1.1.2. Триесет и седум современо опремени предавални

Вкупниот број на седишта во предавалните изнесува 2073, каде што бројот на седиштата е во корелација со квадратурата на предавалната, додека бројот на седишта во една предавална се движи од 30 до 132.

Вкупниот број на седишта во амфитеатрите и предавалните изнесува 2 573.

Наведената бројот на предавални и амфитеатри со 2573 седиштата за студентите се доволна гаранција дека АУЕ-ФОН има одлични просторни услови, освен Факултетот за спортски менаџмент и Факултет за детективи и безбедност кои имаат потреба од отворени и затворени спортски објекти.

### 9.2. Кабинети за професорите и соработниците

2.1.3. Современо опремени кабинети за професори и асистенти 38 со вкупно 750 м²

- 302, 303, 304 и 305 (4 x 11 м²) = 44 м²;
- 401, 402, 403 и 404 (4 x 11 м²) = 44 м²;
- 411 = 55 м²;
- 416 = 23 м²;
- 417 = 24 м²;
- 418 = 18 м²;
- 419 = 25 м²;

- 501, 502, 503 и 504 (4 x 11 м²) = 44 м²;
- 508 = 55 м²;
- 601 = 11 м²;
- 602 = 43 м²;
- 603 = 23 м²;
- 604 = 24 м²;
- 605 = 17 м²
- 606 = 25 м²;
- 701 = 31 м² ;
- 702, 703, 704, 705, 706, 707, 708, 709, 710, 711, 712 и 713
  714 (12 x 17м²)= 214 м²

Наведениот простор и добро опремените кабинети на професорите во основа овозможуват успешна и креативна наставна работа. Поголем број од професорите се сместени по двајца во кабинет, што во извесна мера ја отежнува нивната работа.

### 9.3. Техничка опременост

АУЕ- ФОН од современа техничка опрема на располагање има 4 компјутерски училници со по 30 комјутери. Во секоја предавална и амфитеатар скоро да има монтирано LCD проектор, меѓутоа е потребно нивно редовно одржување и замена со пософистицирана опрема.

Наведената техничка опрема е еден од условите дека Универзитетот има добри можности за изведување на современа и квалитетна настава. Добрата техничка опременост на Универзитетот може да се потврди со: 4 компјутерски училници, меѓутоа опременоста со компјутерска технологија на секој професор и асистент е доведена во прашање, бидејќи таа е се постара и не ги задоволува новите технолошки стандарди, така што се налага нови инвестиции во овој сектор.

Одделението во Струга располага со еден објект од 980 м² и со 422 седишта.

Врз основа на наведениот простор, бројот на седиштата на студентите и бројот на запишаните студенти може да се констатира дека дидактичкиот простор овозможува добри услови за изведување на квалитетна настава на Универзитетот ФОН во Струга.

Покрај релативно добрата техничка опременост на ФОН Универзитетот во Струга според бројот на студентите, се планира нејзино зголемување и осовременување.

### 9.4. Библиотека

Библиотеката на АУЕ-ФОН на располагање има 140 метри квадратна површина, каде што литературата е прегледно сортирана по подрачја. Недостаток на библиотеката е немањето на програм за внесување на применaта и издадената стручна литература, како и немањето на пристап до електронската база на податоци од областите застапени во студиските програми. Американскиот универзитет на Европа- ФОН се залага за етапно класифицирање на книжниот фонд со кој располага, вклучително и каталогизација, со крајна цел вмрежување во системот COBISS.

Библиотеката е добро снабдена со учебници скоро од голем број на предмети, чии автори се професори од Универзитетот, како и со универзитетски учебници кои се печатат со поддршка на Владата на Република Македонија.

Биоблиотелчниот фонд во основа го сочинуваат книги од домашни автори и странски автори во оргинал или во превод на македонски и албански јазик. Се чуствува голема потреба да се набави дополнителна стручна литература од афирмирани странски автори, како и електронски пристап до база на податоци на најпознатите научни и стручни списанија во светот. Со проектот на Владата библиотечниот фонд е збогатен со преведена литература од странски експерти за поедини подрачја, но сепак сметаме дека тоа е недоволно за задоволување на потребите на наставно-образовниот процес и научната работа на Универзитетот.

Актуелна е и потребата за претплата на научни и стручни списанија кои се еден од основните предуслови за заживување на наставно-научната дејност на Универзитетот. Следењето на тие стручни списанија значи и давање можност на наставниот кадар за ги следи навремено новите научни сознанија од различни научни области што ќе придонесе за осовременување на наставата со најсвежи информации. Потребно е воведување на систем на перманентно информирање на студентите и наставниците за пристигнатите нови книги и друга литература.

Во библиотеката има незначителен број столчиња со работни маси, па затоа е реткост да се видат студенти кои своето слободно време на Универзитетот го користат во неа. Библиотеката нема читална како засебна просторија што е неопходно потребно за

успешно библиотечно сервисирање на студентите и наставно образовниот кадар на Уницверзитетот.

Современите библиотеки се дигитализирани и преку билиотечниот софтвер редовно ги информираат студентите и наставниот кадар за новопристигнатите книги, што не е случај со библиотеката на АУЕ-ФОН. Повремено треба да се врши анкетирање на студентите и наставниот кадар за набавка на потребната литература.

Најголем недостаток на библиотеката на АУЕ-ФОН е премалата претплатеност со научни и стручни списанија, кои се предуслов за запознавање на наставниот кадар со научно - истражувачката методологија, со достигнувањата  во научно - истражувачката дејност, како и за заживување на научно – истражувачката дејност на Универзитетот. Таквиот приод кон научната мисла ќе придонесе да се осовремени и надгради наставата со нови и актуелни научно - истражувачки сознанија.

Покрај тоа во библиотеката нема доволен број на научни списанија од областите за кои се организирани последипломски студии.

### 9.5. SWOT анализа на просторните и материјалните ресурси

| | |
|---|---|
| **S** | - Наставниците и соработниците на  Американскиот универзитет на Европа-ФОН  во Скопје и во Струга генерално на располагање имаат современ простор и опрема.<br>- Солидна опрема на одредени факултети (како на пример Факултетот за дизајн и мултимедија). |
| **W** | - нема дефиниран соодветен простор за студенско организирање<br>- застарена и нефункционална техничка опрема на Факултетот за информатика и на другите факултети;<br>- застарена техничка опременост на стручните служби на универзитетот<br>- потреба од еден затворен простор- спортска сала и еден отворен простор за настава на студентите од Факултетот за спорт и спортски менаџмент, |

| | |
|---|---|
| | студентите од Факултетот за детективи и безбедност, како и за останатите студенти од другите факултети за рекреативни активности |
| **O** | - можности за користење на просторните и материјални ресурси за држење на екстерни курсеви, доживотно учење и сл.;<br>- можности за одржување на конференции, семинари итн. |
| **T** | - слабата финансиска способност за инвестирање во материјално технички средства |

## 10. НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА

Американскиот универзитет на Европа ФОН како прв приватен универзитет во Република Македонија, иако е релативно млада високо-образовна институција, досега има воспоставено соработка со повеке владини-државни институции и невладини организации, како и високообразовни и други институции, односно компании во земјата и странство.

Освен во сферата на наставата и едукацијата, активностите на Американскиот Универзитет на Европа- ФОН се насочени и во следење на модерните европски и светски трендови кои подразбираат отвореност во комуникацијата, создавање простор за меѓународна мобилност на студентите, мобилност на наставничкиот и соработничкиот кадар преку размена во рамките на високообразовните институции, размена на студиски програми, учество во меѓународни проекти финансирани од ЕУ, организирање на заеднички симпозиуми, советувања и слични активности со други високообразовни институции како од Република Македонија, така и од Европа и пошироко. Во таа насока, АУЕ-ФОН има склучено договори за соработка со низа реномирани универзитети, факултети и институти од земјата и од странство, а покрај склучените договори, во тек се преговори за воспоставување на соработка и со други домашни и странски високообразовни установи.

Во рамките на меѓународната соработка со другите универзитетски центри во областа на научно-истражувачката дејност недостасува поголема застапеност и учество на соработниците на Универзитетот посебно во изготвувањето на заеднички меѓународни проекти. Тоа подразбира обезбедување средства за научно-истражувачка дејност на наставниот кадар на Универзитетот во земјата и во странство. Покрај тоа, неопходно е да се обезбедат услови и средства за учество на наставниците на Универзитетот на семинари, научни симпозиуми и конгреси во земјата и странство.

Во врска со соработката на Универзитетот со другите универзитетски центри во Република Македонија, соседните балкански универзитети и универзитетите во Европа и во светот, од особено значење е вклучувањето на Универзитетот во работата на заеднички проекти, размена на искуства и наставен кадар во наставно-образовната дејност, меѓу студентската соработка и слични активности од заеднички интерес.

Позначајните склучени меѓународни договори:[13]

- Алијансата на универзитети на Централна и Источна Европа
- International Universities Council – IUC
- Euro-Mediterranean University (EMUNI University)
- Државниот Универзитет во Ниш, Република Србија
- GIUGIARO Architettura од Милано, Италија
- Girne American University, North Cyprus
- Државниот Универзитетот од Сарагоса, Шпанија
- Институтот за европски интернационални студии во Ница, Франција
- Универзитетот за економија и технологии ТОББ од Анкара
- Универзитетот "Александар Мојсиу" од Драч Албанија
- Интернационалниот универзитет во Травник, Босна и Херцеговина
- Бизнис академија од Нови Сад, Србија
- Универзитетот во Сараево, Босна и Херцеговина
- Државниот Технички Универзитет од Габрово, Република Бугарија
- Универзитетот во Нови Пазар, Србија
- Државен Руски Универзитет за туризам и услуги од Москва, Русија
- Yildiz Technical University од Истанбул, Турција
- Британски совет во Македонија
- Kiit University, Bhubaneswar, Индија
- Бургас слободен универзитет, Бугарија
- Ататурк Универзитет, Ерзурум, Турција
- Kyiv University of Law, Украина
- Универзитетот Булент Еџевит од Зонгулдак, Република Турција
- Универзитет Доња Горица,Подгорица
- Европски колеџ Јуридика,Приштина
- Polidesing Consorzio del Politecnico di Milano
- Uluslararasi avrasya egitim sendikalari birligy (UAESEB),Türkiye Kamu-Sen
- Izmir Katip Celebi Universitesi (Mevlana Exchange Programme)
- Европски Универзитет Брчко Дистрикт, Босна и Херцеговина

[13] Податоците за склучените меѓународни договори се превземени од web страната на АУЕ-ФОН

ФОН Универзитетот е член на Алијансата на универзитети на Централна и Источна Европа и во рамките на истата соработува со следните останати членки на Алијансата:

- Универзитетот Спиру Харет од Букурешт, Романија
- Универзитетот на Западна Унгарија од Шопрон, Унгарија
- Универзитетот од Прешово, Словачка
- Универзитетот Медитеран од Подгорица, Црна Гора
- ЕДУКОНС Универзитет од Нови Сад, Србија
- Нова Универза од Крањ, Словенија
- Паневропски Аперион Универзитет од Република Српска, Босна и Херцеговина
- Универзитет Шкодер од Албанија
- Универзитет Илирија од Тирана, Албанија.

Покрај Универзитетите во странство Универзитретот ФОН има склучено договори за соработка со универзитети и државни институции во Република Македонија и тоа со:

- Универзитет "Свети Кирил и Методиј"- Скопје
- Универзитетот "Свети Климент Охридски"- Битола
- Универзитет "Гоце Делчев"- Штип
- "Њујорк Универзитет"- Скопје
- "Интернационалниот Балкански Универзитет"- Скопје
- "Медицинскиот факултет"- Скопје
- Државен универзитет од Тетово
- Универзитет за информатички науки и технологии "Свети Апостол Павле"- Охрид.
- Министерството за одбрана на РМ
- Министерството за труд и социјална политика
- Министерството за внатрешни работи
- Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии МАСИТ
- Министерството за информатичко општество
- Министерството за транспорт и врски
- Музеј на Македонија
- Сите приватни Универзитети кои се членки на Ректорската конференција на приватни универзитети (Прв приватен универзитет - ФОН, Европски универзитет

- РМ, Универзитет на Југоисточна Европа од Тетово, Универзитет Американ Колеџ - Скопје, Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, Универзитет Њујорк од Скопје, Меѓународен Балкански универзитет од Скопје).

Американски Универзитет на Европа - ФОН е носител на Еразмус Универзитетска Повелба (Стандарна Повелба и Студентски работни позиции). Добивањето на статус на високо образовна институција носител на Еразмус Универзитетска Повелба за период од 2021 до 2027 е предуслов за користење на средства од Еразмус фондовите на Унијата за спроведување на активности на индивидуална мобилност на студенти и кадар и координирање на меѓународни проекти. [14]

АУЕ- ФОН е добитник на грант во рамките на програмата Еразмус плус КА203 за Стратешко партнерство за трансдисциплинарни балкански студии: геофилозофија на Балканот. Проектот е во времетраење од 3 години (2020 – 2023) и има за цел да ја развие и зајакне основата на локалната и регионалната академија што ќе поттикне поголема толеранција, помирување и демократизација на Балканот. Соединувајќи партнери од С. Македонија, Србија, Грција и Италија и обраќајќи им се на идните студенти од регионот и пошироко, проектот промовира иницијативи за надминување на националистичките политички дискурси и меѓудржавните спорови, поттикнувајќи меѓукултурен дијалог и нови, критички пристапи кон културното и политичкото наследство на регионот. АУЕ ФОН е водечки партнер во проектот кој е сочинет од конзорциум од пет европски универзитети (https://fon.edu.mk).

Во рамките на надворешната соработка со веќе дипломираните студенти Универзитетот вложуваше напори таа да се интензивира за што е формирана асоцијацијата „Алумни“ за која станува збор во одделот 03. 06. Облици на стручно – професионално усовршување (континуирано образование).

**SWOT анализа на надворешната соработка**

| | |
|---|---|
| **S** | - Голем број потпишани билатерални договори на АУЕ-ФОН со други Универзитети од земјата и од странство |
| **W** | - Не е материјализирана потпишаната соработка – нема вистинска размена на студенти и наставен кадар со универзитетите од соседните и европските земји |

[14] https://fon.edu.mk/content.aspx?cid

| | |
|---|---|
| **O** | - нагласен акцент да се стави во размената на искуства од областа на наставата, научно-истражувачката работа, заемна соработка и престој на студенти и наставен кадар на универзитетите со кои АУЕ-ФОН има потпишано договори за меѓусебна соработка; |
| **T** | - недоволна застапеност на научно-истражувачки проекти, организација на меѓународни и домашни симпозиуми;<br>- непостоење на размена и престој на наставнички кадар во странски универзитети. |

## 11. НАУЧНО -ИСТРАЖУВАЧКА И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Американскиот универзитет на Европа- ФОН посветува значајно внимание на научно-истражувачка дејност, и на издавачката дејност. Публикациите кои се издадени во академската 2020/21 година од страна на наставниците и соработниците обработуваат специфични и недоволно истражувани теми во рамките на посочените области на истражување. Истите претставуваат и задолжителна и дополнителна литература по предметите на студиските програми на додипломски и последипломски студии на Универзитетот. Публикациите претставуваат посебен придонес во развојот на македонската наука бидејќи станува збор за области кои се многу малку обработувани и за кои речиси да нема публикувано издание.

## 12. ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Што се однесува до односите на Американскиот универзитет на Европа- ФОН со јавноста, покрај интерната информираност во наставно-образовниот процес и другите дејности на универзитетот преку веб-сајтот на Универзитетот, таа се одвива и преку студентскиот информатор и студентските служби на вработените, потоа преку календарот за работа во текот на учебната година и други форми.

На Универзитетот постои специјализирана служба задолжена за односи со надворешната јавност и за маркетинг. Во основа, нејзината активност е добро поставена и солидно функционира. Меѓутоа, за уште поорганизирано делување е неопходно нејзино проширување на екипираноста со уште еден до два соработници особено за надворешната дејност во регионот со балканските и европските универзитети.

## 13. ФИНАНСИРАЊЕ

Универзитетот ФОН е во приватна сопственост и финансирањето е приватно, од уплатената школарина на студентите, со одделни бенефиции и олеснувања за одделни категории на студенти во вид на стипендии по разни основи.

Финансирањето на Универзитетот се остварува од повеќе извори: 1. школарина и други давачки на студентите; 2. парични средства на основачот; 3.образовни активности и вршење на образовна, научноистражувачка, применувачка, односно апликативна дејност и научни и стручни услуги и континуирано образование за домашни и за странски правни и физички лица 4. проекти кои се финансираат од Буџетот на Република Северна Македонија и други домашни и странски владини и невладини организации; 4. домашни и странски грантови по определени проекти; 5. издавачка дејност на Универзитетот; 7. продавања на научни и стручни услуги и производи на домашни и странски правни и физички лица; 8. приходи врз основа на авторски права во сопственост на Универзитетот; 9. донации, легати, подароци, завештенија, прилози и други извори (Статут на АУЕ-ФОН (пречистен текст), 2021, член 46).

Студирањето на АУЕ-ФОН е со самофинансирање. Студентите имаат вкупна годишна школарина. За висината на годишната школарина студентите се информирани во конкурсот за запишување на студенти во прв и втор циклус на студии за секоја академска година. Раководството на Универзитетот го задржува правото да определи и друга, пониска школарина за секој студент, во зависност од успехот остварен во средно образование, резултатите од приемниот испит, изборот на студиската програма и амбициите на студентот. Секој испит се плаќа 620 ден., а секој колоквиум по 450 ден.

Сепак, добрата соработка на Универзитетот ФОН со стопанството, креираа поволности за Универзитетот, и тоа почнувајќи од 2007 година, македонски претпријатија доделуваа стипендии за најдобрите средношколци, кои се избраа по пат на тестирања. Оваа пракса се оствруваше во рамки на кампањата "И во Македонија се може".

**SWOT анализа за самофинансирачките активности на ФОН Универзитетот**

| | |
|---|---|
| **S** | • одржливо ниво на средствата од самофинансирачки активности;<br>• на Американскиот универзитет на Европа- ФОН се уште има голем број на студенти од претходните години на упис и благодарение на нив е возможна финансиска одржливост на Универзитетот |

| | |
|---|---|
| **W** | • ниската школарина што ја наметна конкуренцијата во иднина може неповолно да се одрази на финансиската одржливост на Универзитетот<br>• недоволно финансиски средства за инвестирање во материјално – техничко опремување и одржување на Универзитетот; |
| **O** | • очекуван зголемен прилив на финансиски средства, како резултат на интернационализација на Универзитетот, посебно со странски студенти<br>• очекуван зголемен прилив на финансиски средства, како резултат на интензивирање на научно – истражувачката работа |
| **T** | • неповолните демографски движења во Република Македонија, континуирано во наредните години ќе го намалуваат бројот на матуранти, што сакаат да се запишат како на јавните така и на приватните универзитети<br>• миграција на студентите во странство, иако не ги завршиле своите студии во Република Македонија, придонесува за намалување на бројот на активни студенти<br>• намален пазарниот сегмент за студирање на приватните универзитети, кое неповолно ќе се одрази на самото финансирање на Факултетот;<br>• ограничени можности за вработување на едуцираниот кадар поради неповолниот развој на националната економија |

## 14. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА АКАДЕМСКИОТ КАДАР

Оценувањето на квалитетот на академскиот кадар на нашиот Универзитет се изврши согласно Правилникот за избор и Единствените критериуми за избор во наставно-научни, наставни и стручни звања усвоен од Интер-универзитетската конференција на РМ. Од оценувањето – ги согледавме следните констатации:

- профилот и квалификациите на академскиот кадар (на нашиот Универзитет сите наставници се со научно звање доктор на науки);
- доследно се почитувани единствените законски критериуми за избор во наставни звања;
- бројот на академски кадар во блиска иднина не би можел да ги покрива сите наставни области на сите локации (Скопје и Струга); ќе биде потребно вработување на уште неколку наставника и соработници.
- пристапот на Универзитетот во поглед на унапредувањата на академскиот кадар е секогаш позитивен;
- соодносот помеѓу образовната дејност и научните истражувања не е соодветен – многу повеќе внимание се посветува на наставната дејност, отколку на истражувањата.

За потребите на самоевалуацијата на крајот на секој семестар беа спроведени анкетирања на стуидентите со кои студентите ги оценуваа наставниците и соработниците по повеќе критериуми. Резултатите од спроведените анкети се дадени како Прилози кон факултетските извештаи.

# 15. ПРЕПОРАКИ И КОРЕКТИВНИ МЕРКИ

## I. Прв циклус на студии

### 1. Студиска програма

Првиот циклус на студии на АУЕ- ФОН функционира во континуитет согласно акредитираните програми и за досегашното функционирање нема поголеми забелешки. Препораки на Комисијата за самоевалуација се Универзитетот да се заложи за:

- зголемена соработка со бизнис секторот и со државните институции;
- воведување на поголем обем на практични содржини во студиската програма;
- опремување на специјализирани лаборатории за одредени Факултети;
- соработка со меѓународни здруженија и високообразовни институции;
- на студентите да им се претстави и друг аспект на професијата во однос на запознавањето со поимите: тим, рок, однос кон работата, клиентот и тимот, основни знаења за бизнисот итн.;
- да се зголеми нивото за на комуникација со студентите и нивно поголемо мотивирање за присутност на настава.

Корективна мерка осовременување на студиската програма треба да се прави на одреден временски период за да се следат модерните текови во областа на соодветните Факултети.

### 2. Наставнички и соработнички кадар

За да може АУЕ- ФОН квалитетно да ги изведува првиот, а особено вториот циклус на студии, како и за континуирано подобрување на квалитетот на постојниот наставнички и соработнички кадар, Комисијата ги дава следниве предпораки:

- ангажирање на наставници како визитинг професори само за специјализирани наставни дисциплини за коишто Универзитетот нема кадар
- ангажирање на наставници и соработници за визитинг настава со што ќе се намали оптовареноста на постојните наставници;
- дополнителни напори за мотивирање на преминување на наставници од потоечките факултети во државата;

- зголемување на професионално и практично искуство кај дел на наставниот кадар за квалитетно изведување на настава со која се стекнува специјализирани знаења и вештинии;
- вработување на соработнички кадар на факултетите
- континуирано и навремено да се вложува во оспособување на сопствен кадар од редовите на студентите и асистентите преку финансиска подршка во нивното школување и доусовршување во домашни и странски образовни и научни институции и учество на меѓународни конференции и научни престои во странство;

Корективна мерка е посочување на недостатоците при работата на наставничкиот и соработничкиот кадар преку анализа на анкетата за реализирање на наставата/вежбите (Прилози од факултетските извештаи).

## 3. Наставно-образовна дејност

За осовременување на наставно-образовниот процес и подобрување на квалитетот и ефикасноста во студирањето се препорачува:

- започнување на процесот на структурни промени за спојување на факултети со цел да се исполни критериумот од член 61, став 3 од Законот за високо образование
- започнување на процесот на акредитација на трет циклус на студии на определени факултети
- започнување на процесот на акредитација на наставници за добивање на лиценца за ментори на трет циклус на студии
- креирање на стратегија за упис на нови стиденти за академската 2021/2022 година
- подобрување на процесот на наставата врз база на следење на промените кај високо-образовни институции во развиените земји и имплементација на нивните позитивни искуства;
- поднесување редовни извештаи на наставниците за реализација на предметната програма и постигнатата проодност;
- поднесување извештај на Ректорот и деканите за реализација на годишната програма за работа;
- зголемена соработка со бизнис секторот и со државните институции;

- воведување на поголем обем на практични содржини во студиската програма;
- снабдување со најсовремена опрема на специјализираните лаборатории на одредени Факултети
- соработка со факултети и универзитети од странство, како и со меѓународни здруженија;
- пристап и набавка на странска литература, списанија и наставни помагала, во функција на подобрување на наставно-образовниот процес;
- обезбедување пристап до странски електронски бази на податоци од областите застапени во студиските програми.

**4. Студенти**

За поголема и поактивна улога на студентите во целокупниот наставно-образовен процес се препорачува:

- зголемено учество на студентите во процесот на управување со Универзитетот,
- зголемена вклученост на студентите во наставниот процес, преку воведување на индивидуални и групни проекти со коишто ќе бидат оценувани и преоценувани голем број на студии на случај,
- подобрување на условите за студирање, посебно на библиотеката,
- зголемување на улогата на студентите во процесот на евалуација на наставничкиот и соработничкиот кадар.

## II. Научно-истражувачка дејност

За поголема успешност научно-истражувачката дејност на АУЕ- ФОН неопходни се:

- поголем интензитет на научно-истражувачка работа и поголемо ангажирање во научно-истражувачката дејност на наставниот кадар;
- добивање поддршка од органите на управувањето на Универзитетот за научно-истражувачка и издавачка дејност, преку дефинирање на годишни буџети по факултетите за таа намена;
- издавање на сопствено научно списание според меѓународни стандарди;
- организиран пристап и тимска работа при објавување на научни трудови,

- поголем интензитет на научно-истражувачката работа преку поврзување со странски високо-образовни институции;
- интензивирање на меѓународната соработка преку организација на меѓународни и домашни семинари, зимски и летни школи и симпозиуми;
- вклучување во научно-истражувачи проекти.

Моментно најголемиот дел од активностите на наставниот кадар се насочени кон реализација на наставата, отколку ангажирањето во научно-истражувачката дејност. Објавувањето на научни трудови е стихијно и е резултат на само-иницијативноста и ентузијазмот на поединци, а не на тимска работа.

## III. Надворешна соработка

Надворешната соработка е една од јаките страни на Универзитетот. Постојат голем број склучени договори за билатерална соработка со Универзитети од Републиката и од Европа. Поконкретни податоци за соработките се дадени и во поединечните факултетски извештаи. Сепак, повеќе чекори за продлабочување на меѓународната соработка неопходно е да бидат преземени во следниот период. Во оваа насока се препорачува:

- да се материјализира соработката со странските високо-образовни институции,
- да се искористат веќе остварените контакти и договори на ниво на кое АУЕ-ФОН веќе има остварено соработка со повеќе странски високо-образовни институции,
- да се воспостави поорганизиран пристап на ниво на Универзитетот кон надворешната соработка,
- можности за ангажирање на академски кадар од други универзитетски центри од странство, на принципот на долгорочна кооперација,
- да се организираат семинари, симпозиуми и конференции,
- да се воспостави поголемо вклучување во меѓународни проекти.

## IV. Финансирање

Во поглед на финансирањето, сметаме дека е потребно да се изнајдат и алтернативни облици на финансирање. Пред сè, се мисли на стекнување средства од три извори:

- работа на комерцијални проекти за домашни или странски компании, од кои би имале придобивки и вработениот кадар, и студентите и Универзитетот во целост;
- очекуван зголемен прилив на финансиски средства, како резултат на интернационализација на Универзитетот, посебно со странски студенти,
- покренување и учество во истражувачки проекти финансирани од ЕУ и од други владини и невладини фондации.

**V. Односи со јавноста**

Се препорачува:

- да се интензивира контактот со студентите и да се форсира зголемено користење на веб-сервисите (објавување распореди и резултати на Интернет, електронско учење итн.);

- да се оствари поголемо присуство на наставничкиот и соработничкиот кадар во јавните гласила со презентација на научните достигнувања на Универзитетот,

- да се оствари поголем обем на контакти и соработка со стопанските комори во државата и пошироко;
- да се зголемува научната и професионалната афирмација на наставниот и соработничкиот кадар во рамките на државата и во странство.

**КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

## ПРИЛОЗИ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА

**А. Општо**

1. Име на универзитетот: Американски универзитет на Европа- ФОН

3. Име на ректорот: проф. д-р Билјана Пулеска Јанушева

4. Период на самоевалуација: 2020-2021

**Б. Просечна оценка на студентите на ниво на Американскиот универзитет на Европа- ФОН за реализација на предавањата и вежбите**

| Прашање | Просечна оценка |
|---|---|
| 1. Наставникот/соработникот го пренесува наставниот материјал на јасен и разбирлив начин и квалитетно ја реализира наставата | 4.79 |
| 2. Наставникот/соработникот редовно ги одржува часовите и рационално го искористува времето. | 4.74 |
| 3. Односот на наставникот/соработникот кон студентите е коректен. | 4.8 |
| 4. Постои интерактивност и можност за вклучување на студентите во наставата. | 4.77 |
| 5. Наставникот/соработникот е достапен во одредените термини за консултација. | 4.75 |
| 6. Литературата/материјалот за учење и подготовка на колоквиумите/испитите е навремено достапен. | 4.8 |
| 7. поставените прашања на колоквиум/испит се соодветни со понудениот материјал за подготовка на колоквиумите/испитите. | 4.83 |
| 8. резултатите од колоквиум/испит навремено се објавуваат и се достапни за увид од страна на студентите. | 4.75 |

**В. АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК**

Резултатите од анкетниот прашалник се потребни за да може да се утврди квалитетот на наставниот кадар на АУЕ ФОН, а ќе бидат објавени во годишниот Извештај за самоевалуација. Анкетниот прашалник е анонимен и се однесува на зимски / летен семестар за академската 20__/20__ година.

Факултет: ___________________________________________________________
Насока:______________________________________________________________
_

Година на студирање: I II III IV V
Име и презиме на
наставникот/соработникот:_______________________________________

Наставен
предмет:_______________________________________________________

Скала за евалуација:

1 - незадоволителен; 5- одличен.

1. Наставникот/соработникот го пренесува наставниот материјал на јасен и разбирлив начин и квалитетно ја реализира наставата.

12 3 4 5

2. Наставникот/соработникот редовно ги одржува часовите и рационално го искористува времето.

1 2 3 4 5

3.Односот на наставникот/соработникот кон студентите е коректен.

1 2 3 4 5

4. Постои интерактивност и можност за вклучување на студентите во наставата.

12 3 4 5

5. Наставникот/соработникоте достапен во определените термини за консултации.

1 2 3 4 5

6. Литературата/материјалот за учење и подготовка наколоквиумите/испитите навремено е достапна.

1 2 3 4 5

7. Поставените прашања на колоквиумите/испитите се соодветни со понудениот материјал за подготовка на колоквиумите/испитите.

1 2 3 4 5

8. Резултатите од колоквиумите/испитите навремено се објавуваат и се достапни за увид од страна на студентите.

1 2 3 4 5

9. Колку редовно присуствувате на настава?

1. 0-20% 2. 20-40% 3. 40-60%4. 60-80 5.80-100 %

10. Забелешка и коментари:

____________________________________________________________________
____________________________________________________________________
____________________________________________________________________
____________________________________________________________________
_______